SYSTASIS
ISSN 1857-5129
● Е-списание на Здружението на класични филолози „Антика“

РЕЦЕНЗИРАНО: 18.10.2026; 19.10.2026

Коментари кон текстот на беседата *Пофалба на Елена* од Горгија: стилистичка и реторичка анализа

Весна Томовска
Институт за класични студии
Филозофски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје
vesnat@fzf.ukim.edu.mk
https://orcid.org/0009-0001-2282-8162

АПСТРАКТ

Оваа статија содржи превод од старогрчки јазик на македонски јазик на беседата *Пофалба на Елена* од Горгија, предговор кон беседата и коментари кон текстот на оригиналот. Коментарите, кои го сочинуваат јадрото на студијата, се организирани според точно посочени места во старогрчкиот текст и нумерички се поврзани со соодветните места во преводот. Тие се темелат врз блиско исчитување на текстот (close reading) и ја разгледуваат поврзаноста меѓу јазичната организација, стилското обликување и реторичката функција на беседата. Посебно внимание во коментарите им се посветува на морфолошките и на синтаксичките особености на текстот на оригиналот, на лексичкиот избор, на семантичките односи меѓу поимите, фигурите на звукот и на конструкцијата, на паралелизмите и на симетриите, како и на нивното учество во обликувањето на персуазивната стратегија на беседата. Сегментираниот, вертикално организиран распоред на преводот има цел повидливо да ги претстави внатрешната артикулација на реченицата и внимателно градената структура на прозата на Горгија. Коментарите ги разгледуваат и авторефернцијалните и метатекстуалните места на текстот каде што говорникот го тематизира сопствениот λόγος, ја означува композицијата на беседата или го коментира начинот на кој ја води аргументацијата. Овие особености поопширно се разгледуваат во предговорот.

Клучни зборови: Горгија, *Пофалба на Елена*, превод, коментари, блиско исчитување, реторика, поетика, стилистика, фигуративен јазик, метатекстуалност

Предговор кон беседата

Античкиот текст, поради својата природа на посредуван и многукратно метаморфозиран дискурзивен производ, кој не го познава својот автограф, препорачува непосредна комуникација во која, денес, читателот максимално ќе му се доближи, а тоа значи преку јазикот на кој првично бил составен. Античкиот текст, поради околностите во кои настанувал, се умножувал и се разменувал и поради тогашните антички, а и подоцнежните разновековни културни можности и навики за архивирање на податоци, препорачува првична и автентична комуникација вон дополнителни и отпосле (ре)конструирани контекстуализации. Аристотел, современик на античките текстови, незасегнат од нивната историчност и проблематичен онтолошки статус, но засегнат од целото како врвен поетолошки принцип, во својата теорија за книжевните појави препорачува исто така еден автентичен пристап, во овој случај специјализиран за книжевниот текст, кој е сосредоточен на самото дело и кој ја почитува неговата автономност. Ваквиот став не би требало избрзано да се смета за авторски концепт на теоретичарот. Можно е поскоро да се работи за миметички однос кон реалноста на книжевната комуникација. Аристотел дури и во 4 в. пр. н. е. сведочел на доминантно усна размена на текстовите. Слушањето и гледањето на книжевниот текст е очекувано искуство за драмата и за беседништвото, но тоа била вообичаена комуникациска ситуација и за лириката, претходно за епиката, па дури и за прозните текстови, филозофски и историографски. Текстот во таквата усна комуникација е составен дел од настанот и самиот тој содржи референци на ваквиот контекст што креира партиципативност на сите чинители. Оттаму, комуникацијата со античкиот текст денес е најпрепорачливо да започне онаму каде што тој текст е најблиску до својот statu nascendi, што во овој случај би значело посредувано од некој ракопис или печатено издание што го содржи изворниот старогрчки или латински текст.

Во оваа прилика предмет на ваква директна комуникација со еден антички текст е беседата *Пофалба на Елена* (Ἑλένης ἐγκώμιον) од Горгија. Овој антички текст ги потврдува и ги надминува гореспоменатите препораки за блиска средба со делото пред тоа да стане причина и повод за други метатекстови. Имено, овој текст содржи одговори на некои прашања што вообичаено се поставуваат пред да му се пристапи на некое книжевно дело, а се поврзани со вонтекстовни чинители и се однесуваат на авторот, на публиката, на околностите. Привилегијата на читателот на оваа беседа е што во самиот текст го сретнува нејзиниот автор, кој од позиција на текст-куратор го води низ дискурзивниот простор и го опремува со потребните податоци за безбедно читателско движење низ неа. Впечатокот

е дека сте присутни во работилницата на Горгија и сведочите за составувањето на оваа беседа. Совршената граматичко-стилистичка структура на текстот претпоставува една внимателна, грижлива и веројатно долготрајна работа на ова дело, ама присуството на авторот во текстот доаѓа од друга традиција, не од писмената, туку од усната традиција. Неговото експлицитно присуство во текстот, потврдено со граматичкото прво лице, е спонтано миметизирање на реалната претпоставена усна комуникација со слушателите на оваа беседа.

Авторот на беседата не се идентификува себеси со име и со презиме во рамките на текстот. Податокот за тоа дека беседата *Пофалба на Елена* ја составил Горгија од Леонтини припаѓа главно на ракописната средновековна традиција на текстот на беседата кога се јавува покрај насловот (Γοργίου Ἑλένης ἐγκώμιον), и тоа потоа се пренесува и во латинските преводи (Gorgiae Leontini in Helenam laudatio) и во печатените изданија без некои сериозни проблематизирања сè до денес. А насловот на беседата е најден на самиот крај во текстот, во една автореференцијална белешка во која авторот со речиси исповеден тон објавува: ἐβουλήθην γράψαι τὸν λόγον Ἑλένης μὲν ἐγκώμιον, ἐμὸν δὲ παίγνιον (посакав да ја напишам оваа беседа од една страна како пофалба на Елена, а од друга како моја игра). Исказот е интересен и значаен на повеќе рамништа. Секако, за историјата на рецепцијата на текстот оваа изјава е релевантна затоа што го промовира традиционалниот наслов на беседата според кој таа ќе стане препознатлива. Но, таквиот наслов не соодветствува во целост на содржината на беседата каде што во истата завршна рекапитулација авторот со задоволство констатира: „го отстранив лошиот глас за жената (...) се обидов да ја укинам неправдата на прекорот и неукоста на [општоприфатеното] мнение“. Со тоа, Горгија, всушност, потсетува на својата прва експлицитна појава во текстот на беседата кога се легитимира како автор со определена функција и програмска реторичка задача да ја ослободи Елена од обвинувањата на оние што неправедно ја прекоруваат за тоа што го сторила (параграф 2). Оттука, насловот нема строга жанровска определба на пофален говор, туку поскоро претставува тематска рамка во која, всушност, се остварува една апологетска аргументација. Особено важно е да се потсети дека ова внатрешно именување на текстот и авторска самоопределба како пофален говор е независно и историски далеку од жанровската канонизација на говорите на советодавни, судски и пригодни (од кои пофалните се еден вид) што ќе ја воспостави многу подоцна Аристотел во својата *Реторика* (1.3, 1358b). Беседата *Пофалба на Елена* од методолошки причини може ретроспективно да се лоцира во Аристотеловата категорија на пригоден (пофален) говор, но е анахроно да се очекува истата категоријална нормативност и жанровска диференцијација.

Реченицата од која се изведува насловот на беседата, последната реченица на беседата, има две предикативни определби на единствениот директен објект (τὸν λόγον) граматички контрастивно поставени (μέν – δέ) што навидум развива антитетичка релација, но, всушност, само воспоставува две различни перспективи на авторот (предикатот е во прво лице) во однос на беседата. Едната перспектива ја дефинира беседата како пофалба на Елена, а другата како лична игра (ἐμὸν δὲ παίγνιον). Определбата на тукушто завршената беседа како παίγνιον изгледа збунувачки и отвора многу дилеми кај стручната јавност како да се разбере оваа речиси субверзивна квалификација. За едни зборот ја релативизира целата аргументација, за други ја означува интелектуалната игра во која говорникот намерно избира парадоксална задача, за трети играта и сериозната теорија не се исклучуваат. Горгија на ова место во текстот недвосмислено се лизнува во една неформална, па дури и интимна сфера на самоисповед на што упатува атрибутот ἐμόν. Во семантичкото, но и семиотичко декодирање на оваа авторска самоквалификација на беседата можеби е полезна асистенција една друга изјава на Горгија во истиот дискурзивен простор, помалку лична, а повеќе функционална. Имено, во параграфот 5, каде што авторот е експлицитно присутен во прво лице и дава еден апофатички извештај за што нема да зборува, како образложение за својата одлука, покрај фактот дека нема потреба да се зборува за нешто што е општо познато, ја наведува и оваа квалификација: „тоа има убедливост, ама нема радост“. Во аналогијата на „радост“ со „игра“ (τέρψιν ... παίγνιον) применета во дискурзивен контекст што треба да оствари конкретна реторска задача може да се препознае концептот од интелектуалното задоволство на составување на текстот во ретроспективна паралела со Бартовиот концепт на задоволството од текстот како читачко искуство.

Освен на прашањето за насловот и за жанровската припадност на беседата, текстот во овој случај може да одговори и на други прашања поврзани со автентичниот комуникациски контекст. Од секоја беседа составена според стандардите на реторичкиот канон се очекува уште во првата реченица да ја мапира реторичката ситуација, да ги именува слушателите, а со тоа и видот на беседата, и да потсети на приликата во која се одвива таа дискурзивна комуникација. Во текстот на беседата *Пофалба на Елена* нема внатрешни маркери што ја поврзуваат со конкретна прилика, место, време или публика. Нема именуван град, светилиште или празник, нема идентификуван натпревар, нема обраќање кон конкретни судии, граѓани или собир, нема назнака за нарачател, нема ниту историски повод што текстот самиот го определува, накратко, текстот не содржи контекстуални податоци за комуникациското статус на беседата. Оттаму, ако се прифати нејзината историчност, што текстуалната критика не

го проблематизира, тогаш разбирливо се поставуваат бројни прашања за првичната причина и намена на нејзиното составување. Бидејќи вонтекстовните сведоштва не нудат конкретен одговор на таквите дилеми, текстот на беседата и во овој случај се препорачува како (по)автентичен извор и на експлицитни и на интерпретативни податоци.

Текстот на беседата има недвосмислено сведоштво за тоа како била составена беседата. Во авторефернцијалната изјава на крајот од беседата Горгија сосем прецизно ја опишува оваа постапка како пишување (γράψαι τὸν λόγον). Беседата, значи, не била секундарен запис на некоја претходно импровизирана усна презентација, туку таа била првично составена со пишување. Таа самата се дефинира како писмено создаден говор. Оваа изјава учествува во ретроспективното затворање на беседата при што таа се претставува како заокружена композиција со функционално дефинирани делови и јасно поставени реторички задачи. Авторот го означува почетокот, премините, аргументативните задачи и завршувањето на сопствената постапка, со што покажува дека текстот е создаден со самосвест за прецизна композиција, а за таквата постапка била неопходна поддршка од писмена евиденција. Потврденото внатрешно сведоштво за тоа дека оваа беседа била внимателно компониран писмен говор не кажува ништо за комуникациската практика за која била наменета. Оттука се појавуваат бројни прашања: дали текстот бил составен за усна презентација, за читање, за настава или како реторичка демонстрација и теориска расправа, за кого била напишана беседата, како била употребувана, кој ја изведувал, колку пати можела повторено да се изведува и дали изведбата била примарна намена или само една од можните употреби на веќе фиксираниот текст. Многу од овие прашања би биле беспредметни доколку текстот на оваа беседа содржеше интерни податоци за беседникот, за адресатот, за комуникацискиот чин и за условите на неговата употреба. Во услови кога недостасуваат текстуални индиции за реконструкција на вонтекстуалниот комуникациски контекст на беседата, може да биде продуктивно референцијално читање на текстуалните податоци во однос на некои вонтекстовни податоци. Па така, дека беседата навистина била текст што можел да биде читан и споредуван независно од нејзината евентуална првична изведба, посредно покажува Исократ во својата беседа *Пофалба на Елена* (14.) каде што се осврнува на некој, без да го именува, што претходно пишувал за Елена и го критикува затоа што, иако тврдел дека напишал енкомион, всушност составил апологија. Ова е значајно сведоштво бидејќи говори за тоа дека Исократ ја прави интерпретативната белешка за композицијата и за жанровската припадност на беседата врз основа на нејзината достапност како текст, а не според сеќавање на некоја нејзина едно-

кратна усна презентација. Па сепак, оваа референцијална потврда на текстот на Исократ за писмениот статус на беседата на Горгија не треба да се сфати како категорично дефинирање на беседата исклучиво како текст за читање. Тоа што била првично составена како пишан говор не ја исклучува можноста таа да била и усно споделувана.

За реконструкција на комуникацискиот статус на беседата *Пофалба на Елена* од *Горгија* релевантни контекстуални инструменти се две антички сведоштва во кои Горгија експлицитно се спомнува. Тие не се однесуваат на самата беседа, ниту на некое негово дело, но го исцртуваат историски возможниот комуникациски хоризонт. Едниот аргументативен топос за контекстуалистичко читање на беседата се наоѓа во филозофскиот дијалог *Горгија* од Платон, а другиот во расправата *За софистичките побивања* од Аристотел. Во почетокот на Платоновиот дијалог *Горгија* (447a–c) Горгија е претставен како некој што доаѓа по завршена јавна реторичка демонстрација, што значи настан на јавна изведба на беседата и покажување на влијанието на говорничката вештина пред присутните слушатели. Овој податок покажува дека изведувањето на подготвен говор пред слушатели бил препознатлив облик на професионалната практика на Горгија. Сведоштвото на Аристотел во расправата *За софистичките побивања* (183b36–184a8) отвора поинаква, но комплементарна перспектива. Кога ја опишува постарата софистичка настава по реторика како дидактика на однапред составени беседи што студентите ги учеле напамет и ги репродуцирале, Аристотел сведочи за начин на пренесување во кој беседата не е врзана за една единствена изведувачка ситуација, туку може да постои како обликуван модел, достапен за учење, имитирање и повторна изведба. Во таа смисла неговото сведоштво е особено важно за разбирањето на писмениот статус на беседата бидејќи покажува дека еден составен говор можел истовремено да биде текст, нагледно средство и парадигма за повторна изведба. Вредноста на овие сведоштва за реконструкција на комуникацискиот статус на беседата е токму во нивната разновидност. Платон го осветлува хоризонтот на јавната комуникација на беседата, а Аристотел хоризонтот на нејзиното академско пренесување, повторување и дидактичка употреба. Тие овозможуваат комуникацискиот статус на беседата да се дефинира како писмено обликуван текст чија форма претпоставува можност за усна изведба, но и за натамошна размена, усвојување и повторна употреба. Токму во пресекот на овие две комуникациски можности, јавната реторичка демонстрација и академската употреба на однапред составена беседа, станува историски разбирлива особената двојност на беседата како текст што истовремено се чита, се слуша и служи како демонстрација на сопствената реторичка вештина.

Текстот на беседата ги потврдува овие вонтекстовни сведоштва за двојните капацитети на нејзиниот комуникациски статус. Дека е таа напишан говор, тоа беседникот со автореференцијална изјава (21) јасно го кажува. Дека беседата, иако напишана, можела да биде и усно изведена, тоа никаде во беседата не стои како исказ, но затоа текстот на разни начини покажува дека беседата е составена со јасна предиспозиција за усна изведба пред слушатели. Најнепосредниот показател за ваквата ориентација е именувањето на слушателот како експлицитно конструиран адресат во аргументативната постапка на беседата (параграф 9) кога беседникот ја мапира својата задача: „треба и преку мнение тоа да им се покаже на слушателите (τοῖς ἀκούουσι)". Овој дискурзивен податок не може сам по себе да докаже дека беседата била изведена пред реална публика, па сепак, тој сведочи дека комуникациската ситуација што текстот ја конструира е аудитивна. Говорникот го организира својот говор според модел во кој зборот треба да стигне до адресатот преку слушање. Присуството на слушателот во реторичката комуникација што ја иницира беседата е претпоставено во бројните реторички прашања со кои се организира аргументацијата. Формално, прашањето не бара одговор, но комуникациски го анимира адресатот, и од него се очекува да ја изведе веќе подготвената конклузија. На тој начин слушателот учествува во завршувањето на аргументативниот процес.

За насоченоста на беседата кон аудитивна рецепција посуштински сведочи формалната организација на текстот, која се темели на изразена фонетски базирана фигуративност. Синтаксичкиот паралелизам, антитезите, исоколоните, парономасијата, хомојотелеутоните, хомојоптотоните, повторувањата и различните форми на звучна кореспонденција имаат силен аудитивен ефект. Ритмичката симетрија на речениците, повторувањето на исти или слични завршетоци и прецизните фонетски корелации создаваат ефекти што се препознаваат особено јасно при слушање. Слушателот може да го препознае односот меѓу поимите преку повторувањето на истата конструкциска матрица. Па така, стилистичката организација на текстот има и комуникациска функција да го насочува вниманието, да го олеснува следењето на содржината и да придонесува за полесно помнење на формулацијата.

Аудитивноста на текстот е тематизирана во два теориски екскурси внатре во самата беседа. Еднаш, кога е претставена поезијата како посебен вид говор во метар (параграф 9) со способност афективно да влијае врз слушателите (τοὺς ἀκούοντας). Вториот екскурс зазема поголем простор од беседата (параграфи 8–14) и се однесува на автореференцијалноста на говорот и неговото дејство. Горгија тврди дека говорот има голема моќ (λόγος δυνάστης μέγας) и дека

може да го поништи стравот, да ја отстрани болката, да предизвика радост и да ја зголеми тагата и да изврши многу други божествени дела, а со тоа да влијае врз слушателот и да го менува неговото мислење. Така тој изложува извесна теорија за моќта на говорот во текст што самиот се обидува да го произведе истото тоа дејство што го опишува. Теорискиот исказ и реторичкиот чин се преклопуваат, текстот е аргумент за силата на говорот, но и демонстрација на таа сила. Тврдењето за дејството на говорот се докажува преку говор.

Аудитивноста што се тематизира во беседата преку експлицитни изјави за психагогиската моќ на говорот и неговото когнитивно влијание врз слушателите, а која е вградена во самата структура на текстот преку изразена звучна фигуративност, ја покажува и ја докажува перформативноста на оваа беседа. Перформативноста или способноста за усна и динамична комуникација со присутните слушатели текстот многу јасно ја покажува и во начинот на кој говорникот постојано го означува движењето на сопствениот говор. Формулациите од типот „ќе покажам", преминувањата од еден аргумент кон друг, експлицитното напуштање на еден предмет и преминувањето кон следниот, како и ретроспективните означувања на веќе кажаното го претставуваат текстот како дејство што се одвива во време. Таквите метадискурзивни ознаки ја претставуваат беседата како динамичен процес во кој нешто веќе било изговорено, нешто се изговара сега, а нешто допрва следува. Говорникот го води составувањето на беседата и ја води нејзината рецепција во реалното време на дискурсот.

Текстот на беседата, значи, содржи бројни посредни и непосредни внатрешни сведоштва од кои може да се мапира комуникацискиот статус на беседата *Пофалба на Елена*. Од една страна, недвосмислената изјава на беседникот со која својот говор ретроспективно го определува како предмет на чинот на пишување дозволува беседата со сигурност да се определи како напишан текст. Од друга страна, начинот на кој текстот го организира сопствениот дискурс се одликува со изразена перформативност, која се препознава во метадискурзивното присуство на авторот во прво лице, најавувањето и образложувањето на сопствените постапки, премините од една аргументативна целина кон друга, реторичките прашања, непосредните дискурзивни формули, како и во постојаното тематизирање на говорот, говорењето и слушањето. Овие конструктивни особености на текстот ја легитимираат беседата како говор што се подготвува за претпоставен слушател. Оттука, внатрешните податоци покажуваат дека беседата е напишан говор што во својата текстуална организација ги чува и ги произведува условите на усната реторичка комуникација. Беседата, всушност, го одразува историскиот момент на трансформација на книжевната кому-

никација од претежно усна кон сè поизразено писмена. Текстот ја задржува ориентацијата кон гласот, кон слушателот и кон изведбата, но истовремено ја покажува свеста за говор како однапред обликуван и запишан состав. Токму оваа двојност се совпаѓа и со формалната природа на беседата како прозен текст, кој е силно поетизиран преку ритам, паралелизам, исоколон, антитеза, звучни повторувања и други фигури што ја прават особено погодна за аудитивно восприемање. Нејзината дискурзивна положба меѓу проза и поезија може да се чита и како белег на преодната состојба во која писмениот текст сè уште ја чува меморијата на усната изведба. Оттука, преминот од усност кон писменост се појавува како преклопување на двата комуникациски режима меѓу прозниот исказ и поетски организираниот говор.

***

Една од најпрепознатливите особености на јазичниот израз на Горгија е неговото настојување прозниот говор да го обликува како самостојна и внимателно организирана вербална структура. Во неговиот текст реченицата е композициона целина во која распоредот на зборовите, должината и меѓусебниот однос на членовите, ритамот и звучните повторувања учествуваат во создавањето на значењето. Неговиот книжевен идиом покажува особена наклонетост кон бинарните структури, кон поделбата на реченицата на внимателно урамнотежени членови и кон воспоставувањето кореспонденции меѓу нив. Еден член одговара на друг, еден поим се поставува наспроти друг, а синтаксичката симетрија често е придружена со морфолошка и фонетска сличност. Оттука произлегува впечатокот на строга организираност на исказот: реченицата се развива како систем од односи во кој нејзините делови заемно се определуваат. Во текстот на Горгија формата активно учествува во создавањето на мислата: спротивставувањето на поимите се остварува преку спротивставувањето на реченичните членови, нивната логичка кореспонденција се материјализира како синтаксичка паралела, а концептуалната блискост или различност добива и своја звучна форма. Во таа смисла текстот не ја миметизира мислата, туку ја концептуализира во самиот процес на нејзиното јазично обликување.

Организацијата на реченицата во текстот на Горгија се темели на принципот на симетричност. Неговата проза е изградена од членови што се поставуваат во различни видови структурна кореспонденција: паралелна, контрастивна, морфолошка, синтаксичка или фонетска. Посебно место во таквата организација има антитезата. Горгија ја поставува мислата преку јасно разграничување на спротивставени категории и настојува таа концептуална опозиција да добие

препознатлив формален еквивалент во структурата на исказот. Антитезата е средство за артикулирање на мислата. Спротивставувањето станува појасно токму затоа што е претставено преку паралелно изградени и ритмички урамнотежени членови. Слушателот ја разбира разликата меѓу поимите и преку структурата на реченицата. Истата функција ја има и паралелизмот. Повторувањето на синтаксичките модели создава чувство на ред и очекување, овозможува членовите да се восприемаат како делови на една целина, ја истакнува семантичката разлика и го олеснува следењето на аргументацијата.

Препознатливоста на прозата на Горгија уште во античката традиција се поврзува со група постапки што подоцна ќе бидат определени како „горгијански фигури". Меѓу нив особено значење имаат антитетичното поставување на членовите, исоколонот и парисозата, како и различните облици на звучна и морфолошка кореспонденција, меѓу кои хомојотелеутонот и сродните постапки. Заедничкиот принцип на овие фигури е воспоставувањето забележливи односи меѓу одделните сегменти на исказот. Зборовите се поврзуваат преку значењето, преку нивната граматичка форма и звучност, а реченичните членови добиваат приближно еднаква должина и аналогна синтаксичка градба. Така се создава впечаток дека реченицата е истовремено семантички, граматички и акустички организирана. Оттаму, во неговиот текст фонетиката и семантиката постојано соработуваат. Созвучјата, сличните завршетоци, повторувањата и ритмичките паралели ја прават структурата на говорот аудитивно восприемлива. Фонетската организација ги нагласува семантичките односи, ги поврзува членовите или ги издвојува нивните спротивности.

Прозата на Горгија има изразена аудитивна димензија. Ритамот, повторувањето, созвучјата и фонетските кореспонденции се интегрален дел од структурата на исказот. Звучната организација најчесто е функционално поврзана со синтаксичката конструкција поради што паралелните членови се обележуваат и со фонетска сличност, а семантичките спротивности можат да бидат поставени во звучно симетрични конструкции. Ритмичката организација ја зголемува перцептивната јасност на реченицата, го олеснува препознавањето на нејзините структурни делови и ја засилува можноста за нивно паметење. Интензивната употреба на ритам, паралелизам, повторување и фонетска симетрија ја приближува прозата на Горгија кон поетскиот говор. Сепак, овие средства кај него се интегрирани во прозен и аргументативен дискурс. Прозата презема определени формални својства на поезијата, но ги става во функција на реторичката комуникација. Токму во таквата соработка се состои една од специфичностите на јазичниот израз на Горгија кога формалната густина карактеристична за

поетскиот јазик се применува врз прозна реченица чија основна функција останува аргументативна и персуазивна.

Од бинарната и антитетичка организација на реченицата, преку синтаксичките, морфолошките и фонетските кореспонденции, до ритамот, звучноста и приближувањето на прозата кон поетскиот говор, сите особености на јазичниот израз на Горгија се вкрстуваат во една препознатлива практика на говорот во која начинот на кажување станува неразделен од начинот на мислење, аргументирање и дејствување врз слушателот.

***

Коментарите кон беседата *Пофалба на Елена* од Горгија се конципирани како повеќеслоен филолошки, реторички и поетолошки осврт чија основна цел е да го олесни разбирањето на текстот на оригиналот и да го покаже начинот на кој јазичната организација на беседата учествува во создавањето на нејзината аргументативна и персуазивна задача. Поради тоа, тие по својот карактер значително го надминуваат видот на придружни белешки што главно се ограничуваат на лексички, граматички или историско-реални појаснувања. Нивниот објаснувачки фокус е текстот како внимателно конструиран систем на јазични, реторички и семантички односи.

Појдовната точка на коментарот е конкретната јазична форма. Анализата започнува од зборот, синтагмата, морфолошката форма или синтаксичката конструкција. Граматичката структура се разгледува како носител на значење, а значењето како дел од поширока реторичка постапка. Синтаксата во белешките се набљудува како една од постапките преку кои Горгија ја организира мислата, ги поставува односите меѓу поимите и го насочува восприемањето на слушателот. Во таа смисла, темелен принцип на структурирање на коментарите е преминот од формата кон функцијата. Кога се утврдува паралелизам, антитеза, полиптотон, анафора, епифора, хомојоптотон, исоколон, корелација μέν – δέ, повторување на глаголска форма или симетрична синтаксичка конструкција, фигурата се регистрира терминолошки. Дополнително се поставува прашањето што прави таквата структура во конкретната реченица и како придонесува во движењето на аргументот. На тој начин фигуративноста се интерпретира функционално, како средство со кое исказот се расчленува, се поврзуваат неговите членови, се создаваат опозиции, се воспоставува ритам на мислата и се моделира логичката убедливост. Особено внимание им е посветено на паралелните и на бинарните структури. Склоноста на текстот на

Горгија кон антитетичко и корелативно организирање на исказот се следи на повеќе рамништа: морфолошко, синтаксичко, лексичко, семантичко и звучно. Конструкциите со μέν – δέ, повторувањата на сродни или идентични форми, низите од координирани членови и симетрично распоредените предикативни јадра се толкуваат како принципи на текстуална организација. Вниманието е насочено и кон оние текстовни ситуации кога граматичката симетрија се претвора во семантичка или аргументативна симетрија и кога формалниот паралелизам прикрива значајна семантичка разлика.

Втора важна компонента на коментарите е семантичката и концептуалната анализа на текстот. Поединечните лексеми, кога е тоа семантички релевантно, се разгледуваат преку нивната речничка дескрипција и преку местото што го заземаат во поимниот систем на беседата со што се покажува дека тие воспоставуваат мрежа од меѓусебни односи преку која постепено се гради и аргументација. Па така лексичката анализа често преминува во концептуална анализа. Во таа насока се следи начинот на кој се конструира односот меѓу вршителите на дејство. Опозициите меѓу активното и пасивното, посилното и послабото, убедувачот и убедениот, тој што присилува и тој што е присилен, се анализираат како носители на аргументот за распределба на вината.

Друг значаен слој на коментарите е реторичката анализа при што тие настојуваат да ја определат функцијата на одделната реченица во поширокиот распоред на беседата. Па така, одделната периода се определува според тоа дали воведува принцип, формулира теза, врши транзиција, отвора аргументативна насока, обезбедува доказ, изведува аналогија, рекапитулира или заклучува и на тој начин се набљудува внатрешната кохезија на текстот. Особено продуктивно за реторичката анализа е посочувањето на автореференцијалното присуство на беседникот во текстот на беседата со што се реализира цел сет на конструкторски постапки врз текстот и врз беседата. Преку првото лице на авторот текстот непосредно упатува на самиот себе со изјавите: „овој говор“, „мојот говор“, „напишав/ќе кажам“, потоа говорникот коментира што кажува, што нема да каже, што веќе кажал, што ќе покаже, што изостава, и со тоа се означува организацијата на говорот: почеток, премин, дел, причина, редослед, завршување. Освен тоа, текстот теоретизира за говорот и за неговата перформативна функција, за убедувањето, доказот, слушателите и за техниката на говорот. Метадискурзивноста се толкува како реторичка самосвест и демонстрација на способноста на говорникот да ја контролира композицијата на беседата и самиот говор да го набљудува од метапозиција.

Од аспект на композицијата, коментарите најчесто се градат по имплицитен модел што може да се опише како движење во концентрични кругови. Најнапред се идентификува локалниот јазичен феномен; потоа се утврдува неговото значење во реченицата; следува неговата стилистичка или реторичка функција; а на крајот тој се поставува во аргументативната и композиционата целина на беседата.

Целиот корпус на коментари има аналитичко-интерпретативна функција, која интегрира неколку перспективи: граматичка, синтаксичка, лексичко-семантичка, стилска, реторичка, аргументативна, семиотичка, текстолошка и поетолошка. Основната задача на оваа сеопфатна анализа е да одговори на прашањето како е произведено значењето и како јазичната форма станува средство на убедувањето. Во целина тие претставуваат систематски обид преку блиско читање (close reading) на текстот на оригиналот да се реконструира неговата реторичка доблесност. Тие не го раздвојуваат јазикот од мислата, стилот од аргументот ниту фигурата од функцијата.

Преводот на беседата *Пофалба на Елена* од Горгија на македонски јазик што е приложен во оваа статија е изготвен врз основа на следното издание на текстот на оригиналот: Diels, Hermann, and Walther Kranz, eds. *Die Fragmente der Vorsokratiker*, 6th ed., *Vol. II, 82 Gorgias, B 11*, Weidmann, Berlin, 1952.

Овој превод настојува да го пренесе текстот на оригиналот како внимателно организирана реторичка целина. Таквата постапка е отежната од особеностите на јазичниот израз на Горгија, кој во голема мера зависи од капацитетите на старогрчкиот јазик што не се лесно преносливи во македонскиот превод. Тоа се однесува на падежните паралелизми, еднаквите или сличните граматички завршетоци, кратките симетрични членови, созвучјата и густото повторување на сродни зборовни форми. Поради таквите околности преводот се раководи од два принципа: првиот е семантичка и синтаксичка прецизност, а вториот е, кога македонскиот јазик го дозволува тоа, зачувување на паралелизмот, антитезата, ритмичката рамнотежа и повторувањето што имаат аргументативна или стилска функција. Посебно внимание им е посветено на термините што во беседата имаат поширока теориска вредност, како што се: λόγος, δόξα, πειθώ, ἀνάγκη, τύχη, ψυχή, δύναμις и αἰτία. За нив не може да се најде адекват што ќе биде применлив во секој дискурзивен контекст. Затоа преводот се стреми кон доследност таму каде што Горгија гради концептуална врска меѓу нив.

Преводот настојува да биде читлив како современ македонски прозен текст, но без да се изгуби чувството дека пред нас стои говор создаден во култура во која начинот на кажување бил составен дел од самата аргументација. Во таа смисла, целта на преводот не е само да соопшти што вели Горгија туку, колку што дозволуваат разликите меѓу двата јазика, да му овозможи на читателот да почувствува и како Горгија креира убедлив говор.

Горгија
Пофалба на Елена
превод

Текстот на преводот графички е претставен во извесна вертикална и речиси стихувана форма за да обезбеди видлива парцијализација на реченицата на нејзините составни делови што натаму ќе овозможи увид во нејзината внимателно градена структура – нешто што е препознатлива дискурзивна одлика на Горгија како автор и како ретор. Во текстот на оригиналот од разбирливи причини, и поради граматичките капацитети на синтаксата и поради ликовноста на графемите и поради фонетската препознатливост на формите, овој увид сам се наметнува без потреба од посебна графичка асистенција.

* Нумерацијата во квадратните загради [] се однесува на параграфите во беседата и таа е во согласност со стандардите на објавувањето на текстот на оригиналот на оваа беседа.

** Заради поголема прегледност во следењето на реторичката и стилистичката анализа на текстот додадена е придружна нумерација во заоблени загради (), и таа се однесува на секоја реченица/периода посебно.

---

[1]* (1)** [1]Најсоодветен украс (Κόσμος[2])
за градот е мноштво храбри мажи,
за телото убавината,
за душата мудроста,
за дејствувањето доблеста,
за говорот вистината;[3]
а нештата спротивни на овие се [причина за] несклад (ἀκοσμία)[4].
(2)[5] Мажот и жената и говорот и делото и градот и предметот,
[општо/сето] она што заслужува пофалба
треба да се слави со пофалба,
а на она што е недостојно [за пофалба]
треба да му се додели прекор;
бидејќи еднаква грешка и незнаење е[6]
да се прекорува (μέμφεσθαί)
она што е за фалење (τὰ ἐπαινετὰ),
а да се фали (ἐπαινεῖν)
она што е за прекор (τὰ μωμητά).[7]

[2] (3)[8] Од еден ист човек[9] се очекува
и да го изложи точно она што треба
и да ги побие [...][10] тие што ја прекоруваат Елена[11],
жената
за која едногласно и еднодушно се појави[12]
ем убедувањето на поетите што беа слушнале [за настанот]
ем лошото мислење за нејзиното име
коешто стана потсетник на кобните случувања.
(4)[13] Јас, пак, сакам,
откако дадам некакво рационално објаснување со говор,
неа, којашто ја бие лош глас,
да ја ослободам од обвинението (παῦσαι τῆς αἰτίας),
а оние што ја прекоруваат
да ги ослободам од незнаење (παῦσαι τῆς ἀμαθίας),
откако (ќе) покажам дека говорат невистини
и откако (ќе) докажам што е вистинито.
[3] (5)[14] Дека според потеклото и според родот
е прва меѓу првите и мажи и жени[15]
жената на која ѝ е посветена оваа беседа
не е ниту непознато, ниту [е такво] за малкумина.[16]
(6)[17] Имено, познато е дека [таа] е од мајка Леда,
а во однос на таткото
според потеклото од бог (γενομένου θεοῦ),
а според кажувањето од смртник (λεγομένου θνητοῦ),
од Тиндареј и од Зевс,[18]
од овие едниот така мислел,
затоа што тоа бил (διὰ τὸ εἶναι),
а другиот бил побиван,
затоа што така изјавувал (διὰ τὸ φάναι),
и уште едниот бил најмоќен од луѓето,
а другиот владетел на сите.[19]
[4] (7)[20] Од такви родена
имаше убавина на божица рамна,
којашто си ја задржа,
штом ја доби и не ја сокри (λαβοῦσα καὶ οὐ λαθοῦσα) [пред други];[21]
кај многумина многубројни љубовни страсти разбуди [убавината нејзина],
во едно тело многу тела здружи
на мажи што за возвишени нешта возвишено расудуваат,

од овие,
едни имаа огромно богатство,
други углед поради древно благороднишство,
некои добра состојба на сопствената снага,
а други, пак, моќ од стекнатата мудрост;[22]
и дојдоа сите
и поради страсниот копнеж за победа (ἔρωτός τε φιλονίκου)
и поради честољубието несовладливо (φιλοτιμίας τε ἀνικήτου)[23].
[5][24] (8) Кој
и зошто
и како
си го задоволи копнежот
откога ја зеде Елена,
нема да зборувам.[25]
Бидејќи да им се кажува на оние што знаат тоа што веќе го знаат
има убедливост,
ама нема радост.[26]
(9) А сега, откако го прескокнам она време во беседата,
ќе се упатам напред до почетокот на беседата што ја имам на ум[27]
и ќе ги изнесам причините
поради кои беше веројатно
да се случи заминувањето на Елена во Троја.[28]
[6] (10)[29] Имено, или со одлука на Случајноста (Τύχη),
и по волјата на боговите,
и со решение на Нужноста (Ἀνάγκη)
го стори она што го стори
или грабната со сила,
или убедена со збор,
или освоена со љубов.
(11)[30] Значи, ако поради она првото (sc. наведено) [го стори она што го стори],
тогаш тој што обвинува заслужува да биде обвинет;
бидејќи невозможно е
да се спречи божјата волја (προθυμίαν)
со човечко промислување (προμηθίαι).
(12)[31] Имено, според природата на нештата се случува
не посилното да биде спречувано од послабото,
туку послабото да биде управувано и да биде водено од посилното,
и посилното да предводи,
а послабото да [го] следи.

(13)[32] А бог е [тоа нешто што е] помоќно (κρεῖσσον) од човек
и според силата
и според мудроста
и според други нешта.
(14)[33] Ако, значи, вината треба да им се припише (ἀναθετέον) на Случајноста и на бог,
тогаш Елена треба да биде ослободена (ἀπολυτέον) од лошиот глас.
[7] (15)[34] Ако, пак,
со сила била грабната
и незаконски била присилена
и неправедно била обесчестена,
тогаш е јасно дека,
од една страна,
тој откако ја грабнал, штом ја обесчестил, постапил неправедно,
од друга страна,
таа откако била грабната, штом била обесчестена, доживеала несреќа.
(16)[35] Значи, варваринот што презел варварски потфат
заслужува
и во однос на говорот,
и во однос на законот,
и во однос на делото
да добие
во однос на говорот [да добие] обвинение,
а во однос на законот [да добие] обесчестување,
а во однос на делото [да добие] казна.
(17)[36] А, таа која претрпе насилство
и беше одвоена од татковината
и беше оттргната од милите,
зарем не би било соодветно
таа да биде поскоро сожалувана одошто навредувана?
(18)[37] Бидејќи тој сторил страшни дела,
а таа ги претрпела;
праведно е, значи,
неа да ја сожалуваат,
а него да го мразат.
[8] (19)[38] Ако, пак, зборот е тој што ја убедил и ја завел душата,
не е тешко
ни во однос на тоа да се состави одбрана
и да се побие обвинувањето на овој начин.

(20)[39] Зборот е голем моќник (δυνάστης μέγας)
кој со многу мало и сосема невидливо тело
извршува најбожествени дела;
бидејќи е способен (δύναται)
и стравот да го поништи
и болката да ја отстрани
и радоста да ја поттикне
и тагата да ја зајакне.
(21) А дека тоа е така, ќе покажам.
[9][40] (22) Но, треба и преку мнение (δόξηι) [тоа] да им се покаже на слушателите:
севкупната поезија и ја сметам и ја нарекувам говор што има метар.
(23) Во нејзините (на поезијата) слушатели навлегува
и ужас полн со страв
и жал многусолзен
и копнеж љубоболен,
во поволни и неповолни околности
за туѓи дела и тела
душата доживува
некакво сопствено чувство преку зборовите.
(24) Ајде од еден да преминам на друг говор.
[10] (25)[41] Зашто, од бога вдахновените напеви (ἔνθεοι ἐπωιδαὶ) [токму] преку зборовите
доведувачи на задоволство (ἐπαγωγοὶ ἡδονῆς),
одведувачи на болка (ἀπαγωγοὶ λύπης)
стануваат;
Затоа што, стопувајќи се со претставата во душата (τῆι δόξηι τῆς ψυχῆς),
моќта на напевот
ја восхити
и ја убеди
и ја преобрати неа со волшепство.
(26)[42] Волшепството и маѓепсувањето се откриени како две вештини
што претставуваат
грешки на душата (ἁμαρτήματα)
и заблуди на мислењето (ἀπατήματα).

[11] (27)[43] А колкумина ли [само],
колкумина [други]
и за колку ли нешта
убедиле и [сè уште] убедуваат,
со тоа што создале лажен говор (πλάσαντες ψευδῆ λόγον)!
(28)[44] Бидејќи, кога сите за сите нешта би имале
и сеќавање за оние нешта што поминале
и сознание за нештата што се присутни
и предвидување за нештата што ќе дојдат,
тогаш говорот не би бил на сличен начин сличен (ὁμοίως ὅμοιος),
[како што е] за [оние на] коишто барем сега [за сега] не им е лесно
ниту да се сетат на она што поминало/минатото
ниту да го согледаат она што е присутно/сегашноста
ниту да го предвидат она што ќе дојде/иднината;
(29)[45] оттаму, за повеќето нешта, повеќето луѓе (περὶ τῶν πλείστων οἱ πλεῖστοι)
го земаат мнението за советник на душата.
(30)[46] А мнението (δόξα),
бидејќи е нестабилно и несигурно,
со нестабилни и несигурни поволни резултати
ги обвива оние што се служат со него.
[12] (31)[47] Значи, што пречи
да се смета и тоа дека Елена дошла
на ист начин во состојба (ἄκουσαν οὖσαν) против своја волја
како и кога би била грабната со сила од насилници?
(32)[48] Убедувањето,
иако не е истоветно со принудата,
сепак ја има истата моќ.
(33)[49] Зашто говорот што ја убедил душата,
таа што ја убедил,
неа ја принудил
и да им поверува на кажаните нешта
и да се согласи со направените нешта.
(34)[50] Според тоа, оној што убедил,
бидејќи принудил, постапува неправедно;
а онаа што била убедена,
бидејќи била принудена со говорот,
без причина е на лош глас.

[13] (35)[51] А дека убедувањето, кога му се придружува на говорот,
ја обликува и душата по сопствена волја
треба да се согледа,
прво,
од говорите на оние што расправаат за небесните појави,
коишто, со [замена на] едно мнение за друго,
едното отстранувајќи го,
а другото создавајќи го,
направиле
и она што е неверојатно и невидливо
да се покажува пред очите на мнението;
второ,
[треба да се согледа]
од натпреварите во убедување со зборови,
во кои еден единствен говор развеселил и убедил големо мноштво,
составен со вештина,
а не изговорен со вистина;
трето
[треба да се согледа]
од натпреварите на говорите на филозофите,
во кои се покажува и брзината на мислата,
која, бидејќи и самата променлива,
ја прави таква и убедливоста на мнението.
[14] (36)[52] Истиот однос го има
моќта на говорот (ἥ τε τοῦ λόγου δύναμις)
спрема устројството на душата (πρὸς τὴν τῆς ψυχῆς τάξιν)
каков што устројството на лековите (ἥ τε τῶν φαρμάκων τάξις)
спрема природата на телата (πρὸς τὴν τῶν σωμάτων φύσιν).
(37)[53] Како што, имено, од лековите едни извлекуваат едни,
а други други сокови од телото,
и едни ја прекинуваат болеста,
а други животот,
така и од говорите
едни ги натажиле слушателите,
други ги развеселиле,
други ги исплашиле,
други предизвикале храброст,

а трети, со некакво штетно убедување (πειθοῖ τινι κακῇι),
ја опиле душата како со лек (ἐφαρμάκευσαν)
и ја маѓепсале (ἐξεγοήτευσαν).
[15] (38)[54] А дека, ако била убедена со говорот,
не направила неправда, туку ја снашла несреќа,
веќе е кажано;
четвртата причина, пак, ќе ја изложам во четвртиот дел од расправата.
(39)[55] Зашто, ако Ерос бил тој што го сторил сето тоа,
таа лесно ќе го избегне обвинувањето
за грешката за која се вели дека се случила.
(40)[56] Она што го гледаме, имено, има природа
не каква што ние сакаме да има,
туку таква каква што секое нешто случајно добило;
а преку гледањето
душата добива печат и врз состојбите.
[16] (41)[57] Имено, веднаш штом видот ќе здогледа тела од непријателот
и непријателски украс од бронза и железо
врз непријателската воена опрема,
едното како средство за одбрана, другото како заштита,
се вознемирува и ја вознемирува душата,
така што луѓето често, преплашени,
бегаат од идната опасност
како таа веќе да е присутна.
(42)[58] Зашто дури и верното почитување на законот
беше протерано поради стравот што произлегува од виденото;
а тоа, штом стана достапно, направи да се занемари
и убавото што според законот се смета за такво
и доброто што доаѓа со победата.
[17] (43)[59] Некои, пак, откако виделе застрашувачки нешта,
во истиот момент го изгубиле присутниот разум;
така ја згаснал и ја истерал
стравот мислата.
(44)[60] Многумина западнале
во залудни маки
и во тешки болести
и во неизлечливи лудила;
на таков начин претставите на видените нешта
видот ги врежал во умот.

(45)[61] И многу [примери за] нештата што застрашуваат [сега] се изоставаат,
но тие што се изоставаат се слични на оние што беа наведени.
[18] (46)[62] Но сликарите, кога од многу бои и фигури
целосно ќе создадат едно тело и облик,
тогаш го радуваат гледањето (τὴν ὄψιν);
а изработувањето на статуите
и создавањето уметнички дела
им пружа пријатна глетка на очите (τοῖς ὄμμασιν).
(47)[63] Па така, по природата на нештата,
едни го вознемируваат (λυπεῖν) гледањето,
а други му будат копнеж (ποθεῖν).
(48)[64] Многу нешта кај многумина кон многубројни
дела и тела
предизвикуваат
љубов и копнеж.
[19] (49)[65] Ако, значи, со телото на Александар,
окото на Елена кога се наслаѓувало,
па љубовен порив и стремеж
на душата ѝ предало,
зарем е тоа чудно?
(50)[66] А, ако тој, штом е веќе бог,
има божествена сила [иста] како боговите,
како би можело тоа што е послабо
да го одбие него и од него да се одбрани?
(51)[67] Ако, пак, [љубовта] е човечка болест
и заблуда на душата,
тогаш не треба да се прекорува како грешка,
туку треба да се смета за несреќа;
зашто [Елена] дошла, како што дошла,
поради замките на судбината,
а не поради одлуките на разумот,
поради принудата на љубовта,
а не поради подготовките на вештината.
[20](52)[68] Како, значи, треба да се смета за праведен прекорот кон Елена,
којашто
или освоена од љубов,
или убедена со збор,
или грабната со сила,
или принудена од божествена нужност

го направила тоа што го направила,
во секој [од овие] случаи ја одбегнува причината [за вина]?
[21](53)[69] Со беседата го отстранив лошиот глас за жената;
останав доследен на правилото
што го поставив на почетокот од беседата;
се обидов да ја укинам
неправдата на прекорот
и неукоста на [општоприфатеното] мнение;
посакав да ја напишам оваа беседа
од една страна како пофалба на Елена,
а од друга како моја игра.

Коментари кон текстот на беседата *Пофалба на Елена* од Горгија

1. Κόσμος πόλει μὲν εὐανδρία, σώματι δὲ κάλλος, ψυχῆι δὲ σοφία, πράγματι δὲ ἀρετή, λόγωι δὲ ἀλήθεια· τὰ δὲ ἐναντία τούτων ἀκοσμία.

Оваа реченица претставува парадигма на совршена архитектура препознатлива за синтаксата на текстот на Горгија чија статика во овој случај се темели на една исто така честа постапка на структурирање на елементите и се однесува на бинарноста како модалитет според кој се организира периодата и нејзините делови. Бинарноста, од своја страна, се остварува со активирање на разни реторички средства, односно со позиционирање на реченициите и со употреба на фигури. Во овој случај периодата е составена од две спротивставени реченици (τὰ κῶλα) со употреба на антитезата како фигура на мислата што се однесува на семантичката вредност и се добива со ставање во спротивна семантичка позиција на зборови или сегменти од реченицата што се наоѓаат во исто синтаксичко окружување, а тука се однесува на именскиот предикат на едната и на другата реченица (Κόσμος [ἐστί] – ἀκοσμία [ἐστί]). Овој носечки дел од речениците тука се одликува со намерна и во грчкиот јазик дозволена структурна редукција на глаголската форма (ἐστί) што ја дефинира елипсата како една фигура на говорот. Елипсата како граматичка постапка најавена првично во именските предикати на двете антитетички реченици продолжува да биде чест структурирачки елемент во текстот што произведува синтаксичка економичност и ритмичка композиција, одлики што го поместуваат дискурсот од очекувано прозен и линеарен (бидејќи се работи за беседа) во нагласено вертикален и поетски.

2. Κόσμος е збор со бројни значења што зависат од контекстот, почнувајќи од основното *ред*, *устројство*, *поредок* и речиси вообичаеното *украс* до изведените и адаптирани: *сјај*, *доблест*, *складност*, *врвно добро*, *почит*, *чест*, *слава*, *пофалба*, *одличие*, *причина за гордост*...

3. Покрај антитезата, исоколонот е една од најпознатите горгијански фигури. Оваа фигура на говорот има бројни видови бидејќи во основа со неа се градат релации на усогласеност помеѓу елементите на посебни делови од реченицата, на целата реченица или на периодата, и тоа на синтаксичко, морфолошко, семантичко или фонетско рамниште. Во овој случај, препознатлив и во преводот, има пример на синтаксички исоколон, поточно адјункција, што значи повеќе реченици ги обединува еден заеднички елемент, најчесто една иста глаголска форма. Оваа постапка е поврзана и некако условена од претходна редукција на реченициите (τὰ κῶλα) преку графичко игнорирање на именскиот предикат за секоја реченица посебно, а најавен на самиот почеток (Κόσμος [ἐστί]), и нивно сведување

на отсечки/кратки реченици (τὰ κόμματα), односно на најнеопходните елементи, што значи активирање на една друга фигура на говорот, на seугма. Токму овие две фигури на реченицата ѝ обезбедуваат економичност на изразот и беспрекорна симетрија, која Горгија ја доведува до совршенство со тоа што гради пет бинарни структури, секоја составена од субјект во номинатив сингулар (εὐανδρία, κάλλος, σοφία, ἀρετή, ἀλήθεια) и модификатор во датив сингулар (πόλει, σώματι, ψυχῆι, πράγματι, λόγωι), а тоа резултира со две низи од хомојоптотон, еден вид исоколон што се темели на идентични морфеми, во овој случај падежни. Очекувано, низата од идентични падежни форми може да предизвика уште еден вид исоколон што сега би се однесувал на усогласеност на елементите на фонетско рамниште, поточно на координираност на завршетоците на зборовите, што значи хомојотелеутон, и во овој случај тој ја обележува низата од дативски форми. Секако, фигуративноста втемелена на фонетските особености на елементите најчесто е видлива само во текстот на оригиналот. Освен со фигурите, супериорноста на јазичниот израз и на неговите реторички капацитети се постигнува и со разни постапки на структурирање. Петте бинарни структури на семантичко рамниште се составени од една низа вредности доведени во текстуална семантичка еквивалентност преку нивното идентично синтаксичко позиционирање во однос на κόσμος. Секоја од овие вредности е некаков вид κόσμος согласно со доменот во кој ја стекнува својата релевантност како врвен квалитет. Низата од овие домени (πόλει, σώματι, ψυχῆι, πράγματι, λόγωι) заедно со низата од вредностите (εὐανδρία, κάλλος, σοφία, ἀρετή, ἀλήθεια) ги гради бинарните отсечки за кои Горгија предвидува распоред на семиотичка градација (антиклимакс) при што, движејќи се низ скалата од општо кон посебно, од градот, преку телото и душата до говорот, ја исцртува траекторијата на стеснување на вниманието на слушателот/читателот и ја одредува сопствената дискурзивна територија, односно λόγος и како говорење и како беседа.

4. ἀκοσμία, ἡ = *неред, испад, непримереност, непристојност, отсуство на ред = хаос*. Нештата спротивни на оние што во одреден контекст се одлика на ред, на складност, тие прават несклад, предизвикуваат неред, ја растураат складноста, го нарушуваат редот. Завршната опозиција κόσμος – ἀκοσμία го затвора системот на бинарни отсечки во кој претходно наведените вредности се обединуваат под знакот на κόσμος како позитивни значења, а нивните ненаведени спротивности се генерализираат како негативни значења под знакот на ἀκοσμία. Овие низи од вредносни релации се претставуваат како општоважечки и очигледни, па оттаму формалната симетрија на исказот како реторичко средство создава впечаток на логичка нужност. Таквата ситуација го исклучува присуството на беседникот како автор и најавува аргументација ослободена од лични и (при)земни влијанија, а на исказот му обезбедува гномички карактер.

5. ἄνδρα δὲ καὶ γυναῖκα καὶ λόγον καὶ ἔργον καὶ πόλιν καὶ πρᾶγμα χρὴ τὸ μὲν ἄξιον ἐπαίνου ἐπαίνωι τιμᾶν, τῶι δὲ ἀναξίωι μῶμον ἐπιτιθέναι· ἴση γὰρ ἁμαρτία καὶ ἀμαθία μέμφεσθαί τε τὰ ἐπαινετὰ καὶ ἐπαινεῖν τὰ μωμητά.

Кога му е потребно да постигне поизразен персуазивен фокус, Горгија ги активира различните можности на дискурсот, организирајќи го исказот во разгранета и строго балансирана синтаксичка структура, како што е оваа повеќеслојно хипотаксички градена периода. Првата реченица, како носител на реторичката позиционираност на говорникот, граматички е организирана околу безличната глаголска форма χρή (= треба), чија недвосмисленост е зацврстена од нејзината семиотичка вредност на универзално правило. Неговото поле на влијание е развиено преку конструкцијата acc. cum inf., во која низата ἄνδρα δὲ καὶ γυναῖκα καὶ λόγον καὶ ἔργον καὶ πόλιν καὶ πρᾶγμα со полисиндетското повторување на καί го проширува правилото врз различни категории на негови можни референти. Внатрешната структура на правилото е поставена антитетички, преку корелацијата τὸ μὲν ἄξιον – τῷ δὲ ἀναξίῳ и соодветната предикативна опозиција ἐπαίνῳ τιμᾶν – μῶμον ἐπιτιθέναι, со што вредносната дистинкција се претвора во јасна бинарна норма: она што е достојно за пофалба треба да биде почестено со пофалба, а она што е недостојно треба да биде изложено на прекор. Реторичката релевантност на исказот дополнително се засилува во непосредната јукстапозиција ἐπαίνου ἐπαίνῳ, каде што повторувањето на истата лексичка основа во две различни падежни форми создава полиптотон придружен со изразен фонетски паралелизам на формите. Па така, синтаксичката симетрија, антитезата, полисиндетското набројување и морфолошко-фонетското повторување директно учествуваат во персуазивната моќ на исказот.

Оваа периода во градењето на целосната беседа семиотички и семантички ја продолжува прогресијата воспоставена со претходната почетна периода. Имено, од областа на најопштиот аксиолошки принцип, изразен преку κόσμος и неговиот семантички паралелизам во различни домени, говорникот постепено го насочува вниманието кон правилото според кое тие вредности треба да бидат препознаени и соодветно вреднувани. На тој начин се остварува семантичко стеснување и реторичко насочување од општиот принцип на поредокот кон норма што го регулира чинот на вреднувањето. Првата реченица го конструира системот на вредности, а оваа веќе го пропишува правилото на вреднување. Она што таму е презентирано како саморазбирлив вредносен поредок, овде станува експлицитно нормативно преку прескриптивната формула χρή (= треба).

6. Втората реченица од периодата реферира на првата и има, пред сè, експликативно-аргументативна задача во однос на претходно објавените содржини, што ја исполнува со ангажирање на впечатливи фигури што овозможуваат недвосмисле-

ност на ставот. Бинарноста и тука е основниот модалитет на структурирање, видлив најнапред во двојниот субјект ἁμαρτία καὶ ἀμαθία, што на синтаксичко рамниште претставува адјункција, а на морфолошко-фонетско рамниште покажува хомојоптотон и хомојотелеутон поради истата падежна форма и идентичниот завршеток -ία. На семантичко рамниште оваа редупликација ја интензивира негативната квалификација на погрешното вреднување: ἁμαρτία ја означува заблудата, грешката, додека ἀμαθία го означува незнаењето, односно когнитивниот недостаток. Таквата негативна квалификација ја поставува оваа реченица во семантичка антитеза со првата реченица од периодата, каде што исказот е афирмативен и прескриптивен (χρή = треба): првата ја воспоставува нормата, а втората ја образложува преку негативно определување на нејзиното нарушување.

7. Бинарноста и исоколонот се одлика и на синтаксичкото развивање на именскиот предикат ἴση [ἐστί], најнапред преку паралелно поставените инфинитиви μέμφεσθαι и ἐπαινεῖν, кои се наоѓаат во семантичка релација на антитеза. Таа антитеза се удвојува во нивните директни објекти τὰ ἐπαινετά – τὰ μωμητά, кои воспоставуваат втора, паралелна антонимска оска. Повторувањето на членот τὰ придонесува за морфолошки и синтаксички паралелизам на двете отсечки. Така разгранетата фигуративност на изразот произлегува од строго зададената фигура на распоредот на зборовите, видлива и во преводот. Станува збор за хијазам, односно огледална симетрија во која елементите на две семантички спротивставени серии се вкрстуваат: μέμφεσθαι (прекорува) стои наспроти ἐπαινεῖν (фали), додека τὰ ἐπαινετά (она што е за фалење) стои наспроти τὰ μωμητά (она што е за прекор). Фигурата не само што обезбедува совршена симетрија и морфолошко-синтаксичка стабилност на елементите туку во овој случај исполнува и важна аргументативна и персуазивна задача, бидејќи структурно ја прави видлива нелогичноста означена како ἁμαρτία καὶ ἀμαθία (грешка и незнаење): да се прекорува она што е за фалење и да се фали она што е за кудење.

8. τοῦ δ' αὐτοῦ ἀνδρὸς λέξαι τε τὸ δέον ὀρθῶς καὶ ἐλέγξαι *** τοὺς μεμφομένους Ἑλένην, γυναῖκα περὶ ἧς ὁμόφωνος καὶ ὁμόψυχος γέγονεν ἥ τε τῶν ποιητῶν ἀκουσάντων πίστις ἥ τε τοῦ ὀνόματος φήμη, ὃ τῶν συμφορῶν μνήμη γέγονεν.

Уште една многуслојно хипотаксички составена периода чијашто семантичка основа ја образува конструкцијата τοῦ δ' αὐτοῦ ἀνδρός (Од еден ист човек се очекува) со координираните инфинитиви λέξαι (да изложи) и ἐλέγξαι (да побие). Ова јадро натаму се проширува со мултипликација на реченични модификатори, кои потоа условуваат други реченични, а овие свои морфолошки модификатори. Најнапред е воочлива адјункцијата на реченичните модификатори λέξαι – ἐλέγξαι, поставени во функционално спротивставен однос: првиот инфинитив ја означува позитивната реторичка задача правилно да се каже она што треба (τὸ δέον ὀρθῶς),

а вториот корективната и полемичка задача да се побијат тие што ја прекоруваат Елена. Идентичните глаголски форми (инфинитиви) создаваат морфосинтаксички паралелизам и хомојоптотон, дополнително нагласен со хомојотелеутон.

9. Поточно *ретор*. Според задачите што овде се наведуваат како негова очекувана квалификација, тој би бил некој специјализиран за судски беседи, способен аргументирано и да го докажува тоа што е праведно и да го побива тоа што е неправедно, но воедно и некој што умее да состави убедлива пригодна беседа во која ќе покаже што е чесно, а што срамно, како основа за фалење, односно куделење.

10. Според некои изданија на текстот на оригиналот, тука има лакуна, која автентично би била пополнета со содржина што некако пологично би ги поврзала деловите во реченицата. Имено, се предлага составување на хијазам во однос на претходната реченица и вовед на последична реченица за остатокот. Оттаму, реченицата со пополнувањето би била: „(...) и да го побие [тоа што е неточно изложено, а тоа значи да ги побие] тие што ја прекоруваат Елена“.

11. Сега за првпат во беседата се спомнува името на Елена, стожерната тема на оваа вербална расправа, и тоа во контекст на „тие што ја прекоруваат“. Нејзиното име, значи, не е воведено неутрално, туку во структура на конфликт и вреднување: Елена најнапред се појавува како граматички објект на прекорувањето, а со тоа и како објект на веќе воспоставен наратив. Описот на нејзиниот статус е воведен со апозиција („Елена, жената“) што е придружена со релативна реченица во која со нагласена алитерација на елементите ὁμόφωνος καὶ ὁμόψυχος и со нивната семантичка сродност (ὁμός = еднаков, ист, заеднички) сугестивно се истакнува општоприфатеното мислење за неа. Токму ваквата едногласност и еднодушност ја прават нејзината позиција реторички проблематична и ја мотивираат интервенцијата на говорникот, кој сака да се спротивстави на веќе утврдената репутација. Семантичката сличност на овие елементи е зајакната со сложената фигура паромеоза, која здружува хомојоптотон со хомојотелеутон.

12. Релативната реченица има двоен, координиран субјект (πίστις, φήμη), со што се создава нова адјункција и се продолжува разгранувањето на периодата. Вториот член, τοῦ ὀνόματος φήμη, преку својот генитивен определувач ὄνομα отвора ново ниво на синтаксичко вградување: релативната заменка ὃ во ὃ τῶν συμφορῶν μνήμη γέγονεν се однесува токму на ὄνομα. На тој начин периодата не се проширува само линеарно туку и рекурзивно, бидејќи еден зависен член станува појдовна точка за нова зависна структура. Впечатливоста на конструкцијата е зајакната и на фонетско и на ритмичко рамниште преку корелативната координација ἥ τε ... ἥ τε...

13. ἐγὼ δὲ βούλομαι λογισμόν τινα τῶι λόγωι δοὺς τὴν μὲν κακῶς ἀκούουσαν παῦσαι τῆς αἰτίας, τοὺς δὲ μεμφομένους ψευδομένους ἐπιδείξας καὶ δείξας τἀληθὲς [ἢ] παῦσαι τῆς ἀμαθίας.

Структурата на оваа реченица се темели врз повеќеслоен паралелизам, кој како стилистичка и реторска постапка произлегува од двојната задача на реторот во однос на случајот Елена во книжевната и културната традиција на Хелада. Тука Горгија многу појасно и попрецизно го изложува својот проект, својата намера и желба, која во основа е иста (παῦσαι: *епифора*), но зависно од објектот таа добива различни насоки. Дивергентноста на намерата ја соопштува преку адјункција на модификаторот (παῦσαι τῆς αἰτίας и παῦσαι τῆς ἀμαθίας) на единствената лична глаголска форма во оваа реченица (βούλομαι) и со тоа мапира симетрична конструкција на две семантички дисјунктивни полиња: едното посветено на Елена и другото на тие што ја прекоруваат. Двете полиња ги одликува паралелизам на реченици дефинирани со адвербијални партиципи: еден (δούς) за полето на Елена и два (ἐπιδείξας καὶ δείξας) за полето на нејзините противници, кои дополнително ги определуваат средствата и постапките преку кои треба да се оствари декларираната намера. Целата реченица, според тоа, се развива низ систем од морфолошки, синтаксички, фонетски и семантички паралелизми и опозиции: τὴν μὲν – τοὺς δέ, κακῶς ἀκούουσαν – μεμφομένους, τῆς αἰτίας – τῆς ἀμαθίας, ἐπιδείξας – δείξας, ψευδομένους – τἀληθές. Со оваа комплексно, но целосно елегантно и деликатно конструирана реченица Горгија ја формулира целта на беседата и во самата нејзина синтаксичка и стилска организација го мапира процесот преку кој погрешниот суд за Елена треба да се преобрази во знаење за вистината.

14. ὅτι μὲν οὖν φύσει καὶ γένει τὰ πρῶτα τῶν πρώτων ἀνδρῶν καὶ γυναικῶν ἡ γυνὴ περὶ ἧς ὅδε ὁ λόγος, οὐκ ἄδηλον οὐδὲ ὀλίγοις.

Експресивноста на изразот што треба натаму да исполни и некаква реторичка задача на синтаксичко рамниште се постигнува со инверзија што е фигура на конструкцијата и претставува отстапување од стандардниот распоред на елементите што ја сочинуваат реченицата. Во овој случај инверзијата се однесува на главната и на зависната реченица, при што првенството на декларативната реченица ја истакнува супериорната позиција на субјектот, односно на жената (Елена) што е причина за оваа беседа. Синтаксичката структура е дополнително ритмизирана преку неколку бинарни паралелизми: φύσει καὶ γένει и ἀνδρῶν καὶ γυναικῶν, во кои морфолошката симетрија е придружена со семантичка комплементарност.

15. Особено впечатлива е конструкцијата τὰ πρῶτα τῶν πρώτων, каде што повторувањето на истата лексема во различни падежни форми создава полиптотон, истовремено засилен со фонетската репетиција πρῶτα – πρώτων. Морфолошкиот суперлатив доведен до неприкосновеност во човечката сфера на сите мажи и жени

ја зацврстува супериорната позиција на Елена како предмет на оваа беседа и ја суспендира предметноста за каква било вербална полемика околу нејзиниот статус.

16. Главната реченица, иако позиционирана како втора во однос на зависната реченица, се одликува со интензивна емоционална експресивност што исполнува важна реторска задача на конклузивност на тврдењето изнесено во претходната реченица. Ова се постигнува со примена на двојна литота, троп со кој посредувано се искажува нагласена афирмација преку двојна семантичка негација (οὐκ ἄδηλον = не е непознато = многу добро се знае; οὐδὲ ὀλίγοις = не за малкумина = за многу голем број). Повторувањето οὐκ ... οὐδὲ создава фонетска и синтаксичка кохезија и градациско засилување на негацијата: тврдењето не само што не е непознато, туку тоа е познато за не сосема мал број луѓе.

17. δῆλον γὰρ ὡς μητρὸς μὲν Λήδας, πατρὸς δὲ τοῦ μὲν γενομένου θεοῦ, λεγομένου δὲ θνητοῦ, Τυνδάρεω καὶ Διός, ὧν ὁ μὲν διὰ τὸ εἶναι ἔδοξεν, ὁ δὲ διὰ τὸ φάναι ἠλέγχθη, καὶ ἦν ὁ μὲν ἀνδρῶν κράτιστος ὁ δὲ πάντων τύραννος.

Бинарната и антитетична структура на оваа периода е условена од содржината што го опишува потеклото на Елена и се темели на преданието според кое таа е ќерка на Леда, зачната од Зевс, но нејзин законски татко е Тиндарej. Периодата во основа е составена од декларативна реченица зависна од исказот „познато е", што натаму ги умножува елементите што воведуваат други зависни реченици. Овие релации во првиот дел од реченицата главно се изразени со адјункција зависна од личната глаголска форма што се подразбира (ἐστί) и воедно антитеза и паромеоза (μητρὸς μὲν – πατρὸς δὲ). Вториот член на оваа опозиција, πατρός, натаму се разгранува во нова бинарна структура, τοῦ μὲν γενομένου θεοῦ – λεγομένου δὲ θνητοῦ, во која формалниот паралелизам е придружен со семантичката опозиција меѓу γενομένου и λεγομένου, односно меѓу она што е по фактичкото постоење и она што е според кажувањето.

18. Апозицијата Τυνδάρεω καὶ Διός е некаков граничник помеѓу двата дела на декларативната реченица; во однос на првиот дел таа има функција на резиме, а во однос на вториот дел таа е основа за отворање на релативна реченица со која се појаснуваат позициите на двајцата татковци.

19. Релативната реченица се одликува со нагласен паралелизам на структурата, кој во контекст на амплификација на претходниот исказ има задача да ја дообјасни спротивставената позицинираност на двата субјекта (ὁ μὲν ... ὁ δὲ). Паралелните конструкции διὰ τὸ εἶναι – διὰ τὸ φάναι образуваат исоколон и паромеоза, при што нивната фонетска блискост ја истакнува семантичката опозиција меѓу бидувањето и кажувањето. Оваа опозиција непосредно ја продолжува претходната релација

γενομένου – λεγομένου, така што синтаксичкиот паралелизам воспоставува и семантичка кореспонденција γενομένου / εἶναι – λεγομένου / φάναι. Со тоа разликата меѓу двајцата татковци се формулира и генеалошки и преку опозицијата меѓу фактичкото постоење и говорењето. Горгија смета дека ова онтолошко разграничување не е доволно, па воведува статусна дистинкција со редупликација на бинарна схема ὁ μὲν – ὁ δὲ. Паралелизмот ἀνδρῶν κράτιστος – πάντων τύραννος, морфолошки дополнително поврзан преку хомојоптотон ἀνδρῶν – πάντων, ја претвора разликата меѓу Тиндареј и Зевс во хиерархија: првиот е најмоќен меѓу луѓето, додека вториот е владетел над сите.

20. ἐκ τοιούτων δὲ γενομένη ἔσχε τὸ ἰσόθεον κάλλος, ὃ λαβοῦσα καὶ οὐ λαθοῦσα ἔσχε· πλείστας δὲ πλείστοις ἐπιθυμίας ἔρωτος ἐνειργάσατο, ἐνὶ δὲ σώματι πολλὰ σώματα συνήγαγεν ἀνδρῶν ἐπὶ μεγάλοις μέγα φρονούντων, ὧν οἱ μὲν πλούτου μεγέθη, οἱ δὲ εὐγενείας παλαιᾶς εὐδοξίαν, οἱ δὲ ἀλκῆς ἰδίας εὐεξίαν, οἱ δὲ σοφίας ἐπικτήτου δύναμιν ἔσχον· καὶ ἦκον ἅπαντες ὑπ' ἔρωτός τε φιλονίκου φιλοτιμίας τε ἀνικήτου.

Оваа сложена реченица е составена од три самостојни периоди, тематски поврзани со основниот мотив – убавината (τὸ κάλλος) на Елена.

21. Во првата периода граматичкиот субјект што е отсутен се реферира на субјектот од претходната реченица (ἡ γυνὴ περὶ ἧς ὅδε ὁ λόγος) што е видливо од партиципските форми во женски род (γενομένη, λαβοῦσα, λαθοῦσα). Со ваквото синтаксичко решение просторот е отстапен за семантичко истакнување на објектот (τὸ κάλλος), кој ја презема стожерната позиција во исказот. Неговото значење и персуазивната вредност за беседата дополнително се нагласуваат со атрибутот ἰσόθεον, со кој убавината на Елена се лоцира во сферата на божественото, односно натчовечкото, а со тоа Горгија однапред обезбедува извесен имунитет во процесот на нејзината одбрана од неправедно наметнатиот статус преку субверзивниот наратив. Синтаксичкото истакнување на τὸ ἰσόθεον κάλλος е засилено со прстенестата конструкција ἔσχε τὸ ἰσόθεον κάλλος, ὃ ... ἔσχε, во која повторената лична глаголска форма ἔσχε го заобиколува објектот со иста семантичка вредност, присутен во главната реченица како именка, а во релативната претставен со заменката ὃ. Релативната реченица има внатрешно удвоена синтаксичка структура определена од двете партиципски форми (λαβοῦσα καὶ οὐ λαθοῦσα) што за објект ја имаат истата форма (ὃ) како и личната глаголска форма (ἔσχε). Самите тие се одликуваат со нагласена алитерација на фонетско рамниште и паромеоза на морфолошко рамниште. Звучната блискост на λαβοῦσα и λαθοῦσα поврзува две последователни состојби: она што Елена го добила со раѓањето истовремено е нешто што не може да остане сокриено од погледот на другите. Со тоа убавината се оценува како својство што по својата природа станува видливо и произведува последици надвор од

субјектот што го поседува. Фонетскиот и морфолошкиот паралелизам придонесува за вкупната впечатливост на изразот во функција на постигнување интелектуално внимание кај слушателите.

22. Во втората периода објектот од претходната реченица (τὸ κάλλος) станува субјект и дејствувачко лице со способност за извршување на клучната функција во наративот за Елена. Оваа синтаксичко-семантичка трансформација има и персуазивна вредност, бидејќи причинителот на дејството постепено се оддалечува од личноста на Елена и се пренесува врз моќта на нејзината убавина. Исоколонот и паромеозата се препознатливи горгијански средства и во конструкцијата πλείστας δὲ πλείστοις ἐπιθυμίας, каде што морфолошкиот паралелизам πλείστας ... πλείστοις воспоставува и прецизна семантичка корелација меѓу бројноста на предизвиканите желби и бројноста на оние кај кои тие се предизвикани. Оваа слика на огромна бројност е дообјаснета со една антитетичка конструкција во која спротивставувањето на ἑνί и πολλά, придружено со повторувањето σώματι ... σώματα, го поставува едното тело на Елена наспроти мноштвото тела на мажите што нејзината убавина ги привлекува и ги собира околу себе. Квантитативната градација πλείστας –πλείστοις – πολλά натаму добива и квалитативна вредност преку карактеризацијата на мажите како ἐπὶ μεγάλοις μέγα φρονούντων. Монолитноста на машкиот субјект Горгија ја разбива со фигуративноста на изразот, и тоа најнапред со анафористичниот распоред (οἱ μὲν ... οἱ δὲ ... οἱ δὲ ... οἱ δὲ) на четирите отсечки што го ритмизираат дискурсот и семантички го обојуваат мноштвото мажи преку дисперзија на нивните различни вредносни квалификативи. Овој тетраколон се темели на елиптично организирани бинарни структури обединети со единствена глаголска форма (ἔσχον). Бинарноста, кога се умножува, произведува најчесто морфолошки паралелизам, во овој случај видлив во двете низи идентични падежни форми (хомојоптотон), а делумно и во идентичните завршетоци (хомојотелеутон). Во рамките на овој синтаксички систем, впечатлива е семантичко-семиотичката блискост на лексемите εὐγενείας – εὐδοξίαν – εὐεξίαν, кои преку сугестивната алитерација на почетоците генерираат вредносен систем на извонредности (богатство, благороднишство, снага, мудрост).

23. Третиот и завршен дел од оваа сложена периода, иако граматички независен, сепак реферира на претходната реченица и има функција на конклузија, која со еден единствен граматички субјект (ἅπαντες) ги обединува дисперзираните елементи на тетраколонот бришејќи ги воспоставените разлики меѓу мажите (богатство, благороднишство, снага, мудрост) со заеднички мотив (копнеж за победа и честољубие) за здружено дејствување.

24. ὅστις μὲν οὖν καὶ δι' ὅτι καὶ ὅπως ἀπέπλησε τὸν ἔρωτα τὴν Ἑλένην λαβών, οὐ λέξω· τὸ γὰρ τοῖς εἰδόσιν ἃ ἴσασι λέγειν πίστιν μὲν ἔχει, τέρψιν δὲ οὐ φέρει.

Овој параграф во целината на беседата претставува извесна парабаза, или упад во тековната содржина на беседата и нејзината предвидена жанровска траекторија. Имено, Горгија, пред да ја отвори аргументацијата, го окупира просторот во беседата и од позиција на автор ги објаснува своите конструкторски постапки. На оваа метадискурзивна улога упатуваат неколкуте лични глаголски форми (οὐ λέξω – ὑπερβάς – προβήσομαι – προθήσομαι) со кои говорникот пред слушателот го режира движењето на сопствениот λόγος: кажува што ќе изостави, што ќе прескокне, каде ќе премине и што ќе постави како следен предмет на разгледување.

25. Реченицата започнува со триколон, со тричлена акумулација на прашања (ὅστις – δι' ὅτι – ὅπως) поврзани со полисиндетон на сврзникот καί што го ритмизира дискурсот. Прашањата ја мултиплицираат релативната зависна реченица и иницијално најавуваат одговори на поставените прашања за идентитетот на оној што ја грабнал Елена, за причината и за начинот на грабнувањето. Но, во главната реченица, со постапка на паралепса, говорникот ја презема контролата над беседата и објавува дека за овие содржини нема да говори (οὐ λέξω). Премолчувањето не значи целосно отсуство на информацијата, бидејќи претходната тричлена низа веќе ја активира познатата митска приказна во свеста на слушателот. Оттаму, изјавата οὐ λέξω истовремено служи за реторичка економија и за премин кон следниот дел.

26. Во вториот дел од периодата Горгија ја образложува својата постапка правејќи синтаксичко премостување со ангажирање на полиптотон (οὐ λέξω ... λέγειν) што во овој случај има и реторичка функција. Личната глаголска форма е авторефернцијален исказ на говорникот со што се демонстрира контрола врз обликот, а супстантивизираниот инфинитив упатува на тематизирање на самиот чин на составување облик. Двојната граматичка природа на инфинитивот (λέγειν) во реченицата е истакната со неговата централна позиционираност при што, од една страна, како глаголска форма се модифицира со индиректен и директен објект (τοῖς εἰδόσιν ἃ ἴσασι), а како именска форма инфинитивот има функција на субјект во две реченици (πίστιν μὲν ἔχει, τέρψιν δὲ οὐ φέρει). И двете синтаксички ситуации се одликуваат со препознатлива горгијанска фигуративност. Во првиот случај се конструира полиптотон преку морфолошка варијација на глаголот οἶδα, чија партиципска форма εἰδόσιν и лична форма ἴσασι ја повторуваат истата семантичка вредност на познавање на претходно сугерираниот митолошки наратив. Со оваа постапка се остварува една важна реторска стратегија на претпоставено заедничко знаење со јавноста (слушателите на беседата) и легитимирање на нејзината компетентност во процесот на аргументација. Од друга страна, инфинитивот (λέγειν) како субјект гради бинарна синтаксичка структура во која глаголските форми се одликуваат со

сугериран фонетски паралелизам (ἔχει ... φέρει), а објектите со нагласена семантичка антитеза (πίστιν – τέρψιν) зајакната со корелативна структура (μὲν ... δέ).

27. τὸν χρόνον δὲ τῶι λόγωι τὸν τότε νῦν ὑπερβὰς ἐπὶ τὴν ἀρχὴν τοῦ μέλλοντος λόγου προβήσομαι, καὶ προθήσομαι τὰς αἰτίας, δι' ἃς εἰκὸς ἦν γενέσθαι τὸν τῆς Ἑλένης εἰς τὴν Τροίαν στόλον.

Откако, во рамките на овој метадискурзивен параграф, Горгија во првата периода изјави за што и зошто нема да говори, сега во втората периода антитетично ја изложува својата дискурзивна траекторија по која ќе се движи низ просторот на беседата. За таа цел тој најнапред прави просторна метафоризација на времето во беседата со тоа што одбира глаголски форми со експлицитна семантичка вредност на движење (ὑπερβάς – προβήσομαι), а семантичкиот паралелизам го зајакнува со етимолошки паралелизам заснован врз заедничкиот глаголски корен на βαίνω. Во рамките на периодата е впечатлив полиптотонот (λόγῳ ... λόγου) како падежна варијација на λόγος со што се истакнува метадискурзивниот карактер на исказот.

28. Своите беседнички задачи Горгија ги опишува со две глаголски форми: προβήσομαι ... προθήσομαι, кои се одликуваат со семантичка сродност дефинирана со префиксниот паралелизам (προ-) што сугерира напредување, движење нанапред, дејствување во најава, со намера. Покрај синтаксичкиот и морфолошкиот паралелизам и хомојотелеутонот, овие две форми имаат изразена фонетска блискост што ги доведува до непрепознавање, всушност различноста е во една единствена фонема β/θ.

29. ἢ γὰρ Τύχης βουλήμασι καὶ θεῶν βουλεύμασι καὶ Ἀνάγκης ψηφίσμασιν ἔπραξεν ἃ ἔπραξεν, ἢ βίαι ἁρπασθεῖσα, ἢ λόγοις πεισθεῖσα, <ἢ ἔρωτι ἁλοῦσα>.

Уште една совршено прецизно изградена реченица сообразно со нејзиното место во беседата и соодветно на содржината. За една беседа ова е најважниот дел во нејзиниот распоред, таму каде што започнува аргументацијата. Горгија внимателно ги води слушателите низ просторот на беседата и овој дел го најавува во претходната реченица сосема експлицитно: дека веќе во наредната реченица ќе ги изложи τὰς αἰτίας, δι' ἃς εἰκὸς ἦν γενέσθαι τὸν τῆς Ἑλένης εἰς τὴν Τροίαν στόλον. Затоа реченицата што следи започнува со експликативно γὰρ. Вториот дел од најавата говорникот натаму го редуцира во еден извонредно економичен израз што го лоцира точно на средината користејќи палилогија: ἔπραξεν ἃ ἔπραξεν, која на реторичко рамниште учествува во неутрализација на обвинението и дистанцирање на Елена од директна инволвираност. Веројатните причини за овој настан и дело категоријално се разделени со соодветна синтаксичка постапка и се организирани во тријади. Првата тријада со која започнува реченицата ја сочинуваат бинарни отсечки составени од дативски форми со причинска синтаксичка функција, придружени

со генитиви што ја одредуваат нивната припадност. Очекувано, ваквата структура се одликува со богата фигуративност, главно втемелена на исоколон, полисиндетон (καί), истакнат хомојоптотон (низата од дативски и низата од генитивски форми), хомојотелеутон (βουλήμασι – βουλεύμασι – ψηφίσμασιν), фонетска блискост и етимолошка сродност (βουλήμασι ... βουλεύμασι). Оваа тријада ја концептуализира метафизичката сфера (Τύχη – θεοί – Ἀνάγκη) како веројатна причина за заминувањето на Елена во Троја. На другата страна, по синтаксички поставениот граничник ἔπραξεν ἃ ἔπραξεν, Горгија ја составува втората тријада на бинарни отсечки дискурзивно ритмизирана со полисиндетон (ἢ... ἢ... ἢ). Овој триколон е составен од две низи на идентични форми (дативи и партиципи) што дефинираат двоен хомојоптотон, а во еден случај и хомојотелеутон (ἁρπασθεῖσα ... πεισθεῖσα). Синтаксичкиот паралелизам на тричлената конструкција со умножувањето на граматичкиот субјект преку адвербијалните партиципи ги дефинира другите причини за заминувањето, кои во овој случај се интегрирани како можности (βία, λόγος, ἔρως) на чие влијание Елена била изложена (ἁρπασθεῖσα, πεισθεῖσα, ἁλοῦσα). Позицијата на трпење дејство треба да ја ослободи Елена од одговорноста за самостојност во одлучувањето. Оттаму, граматичкиот избор и во овој случај учествува во реторичката одбрана.

30. εἰ μὲν οὖν διὰ τὸ πρῶτον, ἄξιος αἰτιᾶσθαι ὁ αἰτιώμενος· θεοῦ γὰρ προθυμίαν ἀνθρωπίνηι προμηθίαι ἀδύνατον κωλύειν.

Аргументацијата на Горгија главно се темели на побивање на можните причини за заминувањето на Елена поради што оваа беседа насловена како *Пофалба на Елена* добива, всушност, жанровска карактеристика на одбрана во некој фингиран судски процес, па оттаму авторот и не може да ја изостави соодветната терминологија (αἰτιᾶσθαι ὁ αἰτιώμενος). Горгија, значи, одбира последователно да ја побие секоја од претходно наведените причини што можат да бидат веројатни за самостојно и самоволно дејствување на Елена. Првата можна причина е одлуката/волјата на боговите/Судбината заради што оваа периода е конструирана според трипартитен аргументациски модел: хипотеза – вредносен суд – општо правило (εἰ... ἄξιος αἰτιᾶσθαι... γάρ...), по што во следната реченица има објаснување на тврдењето, односно убедување во неговата логичка релевантност. Реторската задача на дискурсот и тука се остварува преку богата фигуративност втемелена во омилените за Горгија релации на јазичните елементи: полиптотон (αἰτιᾶσθαι ... αἰτιώμενος со морфолошко варирање на глаголот αἰτιάομαι), антитеза (θεοῦ – ἀνθρωπίνηι), парономасија (προθυμίαν ... προμηθίαι), антитетичен синтаксички паралелизам (θεοῦ προθυμίαν – ἀνθρωπίνηι προμηθίαι).

31. πέφυκε γὰρ οὐ τὸ κρεῖσσον ὑπὸ τοῦ ἥσσονος κωλύεσθαι, ἀλλὰ τὸ ἧσσον ὑπὸ τοῦ κρείσσονος ἄρχεσθαι καὶ ἄγεσθαι, καὶ τὸ μὲν κρεῖσσον ἡγεῖσθαι, τὸ δὲ ἧσσον ἕπεσθαι.

Оваа реченица формално граматички се надоврзува на претходната со воведување на експликативно-каузална партикула γάρ со аргументативна функција да го поткрепи претходното тврдење. Но, во овој случај таквата задача Горгија ја исполнува и на едно многу посуптилно рамниште со воспоставување на транссинтаксичка лексичко-семантичка релација. Имено, двете реченици ги поврзува со полиптотон, со дијатетичко варирање на инфинитиви од глаголот κωλύω со што постигнува моќна аргументација преку трансформацијата на конкретната релација божествено – човечко (θεοῦ γὰρ προθυμίαν ἀνθρωπίνηι προμηθίαι ἀδύνατον κωλύειν) во воопштена релација на посилно – послабо (πέφυκε γὰρ οὐ τὸ κρεῖσσον ὑπὸ τοῦ ἥσσονος κωλύεσθαι), која преку формата на verbum regens πέφυκε (природно е, според природата на нештата) добива значење на норма. Поточно, тврдењето дека човекот фактички не може да ѝ се спротивстави на божјата сила се претвора во пример на општ принцип на природната хиерархија со што се суспендира секое натамошно дебатирање. Инаку, конструкцијата на реченицата се темели врз умножена релација на антитетички позиционираните елементи на бинарната структура κρεῖσσον – ἧσσον, кои составуваат богата фигуративност со аргументативна функција. Првично оваа релација на елементите се остварува како експлицитна коративна антитеза (οὐ ... κωλύεσθαι, ἀλλὰ ... ἄρχεσθαι καὶ ἄγεσθαι) во која е инволвиран двоен полиптотон (τὸ κρεῖσσον – τοῦ κρείσσονος, τοῦ ἥσσονος – τὸ ἧσσον) структуриран со хијазам (τὸ κρεῖσσον – τοῦ ἥσσονος , τὸ ἧσσον – τοῦ κρείσσονος).

32. θεὸς δ' ἀνθρώπου κρεῖσσον καὶ βίαι καὶ σοφίαι καὶ τοῖς ἄλλοις.

Оваа кратка реченица ја стилизира претходно воспоставената апстрактна опозиција τὸ κρεῖσσον – τὸ ἧσσον со прецизно именување на членовите (θεὸς – ἄνθρωπος) потсетувајќи на оваа конкретизација од една друга блиска синтаксичка структура (θεοῦ ... ἀνθρωπίνηι ... ἀδύνατον κωλύειν). Семантичката хиерархија е засилена со тријадата што го именува доменот на супериорноста (καὶ βίαι καὶ σοφίαι καὶ τοῖς ἄλλοις); бог е посилен и во однос на силата, и во однос на мудроста и во однос на други(те) нешта што го дефинира ова поле на надмоќност како сеопфатно. И тука Горгија во исполнувањето на аргументативната задача го манифестира своето мајсторство на јазичниот израз (elocutio) со инсталација на полисиндетон (καὶ ... καὶ ... καὶ) што ја ритмизира тријадата и со хомојоптотон што обезбедува морфолошка и синтаксичка симетрија, а содржи и фонетска блискост на хомојотелеутон (βίαι, σοφίαι).

33. εἰ οὖν τῆι Τύχηι καὶ τῶι θεῶι τὴν αἰτίαν ἀναθετέον, [ἢ] τὴν Ἑλένην τῆς δυσκλείας ἀπολυτέον.

Оваа реченица го затвора првиот од четирите предложени аргументи на Горгија и е изградена како условно-заклучна конструкција што се темели на синтаксички паралелизам изведен со глаголски придавки (ἀναθετέον ... ἀπολυτέον) во функција на безлични предикати што заклучокот го изведуваат на ниво на логичка нужност. Овие две форми се одликуваат, очекувано, со хомојотелеутон, но и со морфолошки паралелизам и воедно со изразена фонетска блискост.

34. εἰ δὲ βίαι ἡρπάσθη καὶ ἀνόμως ἐβιάσθη καὶ ἀδίκως ὑβρίσθη, δῆλον ὅτι ὁ <μὲν> ἁρπάσας ὡς ὑβρίσας ἠδίκησεν, ἡ δὲ ἁρπασθεῖσα ὡς ὑβρισθεῖσα ἐδυστύχησεν.

Горгија во 7. параграф ја продолжува низата на побивање на можни причини за заминувањето на Елена следејќи го претходно воспоставениот распоред. Аргументацијата ја започнува со условна реченица во која протазата ја структурира како триколон со семантичко умножување на првичната формулација (6.10: βίαι ἁρπασθεῖσα). Трите отсечки поврзани со полисиндетон (καὶ ... καὶ) се составени од низа на лични глаголски форми во пасив (ἡρπάσθη, ἐβιάσθη, ὑβρίσθη) што имаат заеднички претпоставен (тука елидиран) субјект Елена (Ἑλένη) и од низа на нивни модификатори што се одликуваат со морфолошка асиметрија бидејќи адвербијалната определба во првиот колон е изразена со инструментален датив (βίαι), а во вториот и третиот со прилози (ἀνόμως, ἀδίκως). Аргументативно поважната низа на глаголски форми има строга и многу впечатлива организација на елементите остварена преку функционална и морфолошка симетрија, фонетска кореспонденција и припадност на сродно семантичко поле (насилство, принуда, повредување) што резултира со препознатливи фигури хомојоптотон и хомојотелеутон. Триколонот изразува градација на дејствувањето (од фактичкиот чин на грабнување, преку присилата, до неговата етичко-правна квалификација како неправда и хибрис) придружена со реторичка амплификација на квалификацијата на насилството (сила – противзаконитост – неправедност). Аподозата има конклузивна функција најавена со формулата δῆλον ὅτι како очигледна и нужна последица од претходно поставената претпоставка во протазата. Заклучокот е структуриран со антитетичка симетрија воведена со корелативните честички (ὁ) μὲν ... (ἡ) δὲ, кои преку придружниот граматички член ги маркираат елементите на бинарната структура: ἁρπάσας – ἁρπασθεῖσα и ὑβρίσας – ὑβρισθεῖσα, која се темели на координација актив – пасив, или тој што е носител на дејство (ἁρπάσας ... ὑβρίσας) и таа што го трпи дејството (ἁρπασθεῖσα ... ὑβρισθεῖσα). Завршната антитеза ἠδίκησεν – ἐδυστύχησεν ја заокружува оваа распределба на улогите, грабнувачот постапил неправедно, додека грабнатата доживеала несреќа. Горгија намерно не ги става двајцата во ист етички регистар; за сторителот употребува глагол што означува неправедно дејствување, а за Елена глагол што означува

несреќна состојба/судбина; тој е субјект на неправдата, а таа е субјект на несреќата. И аподозата, како и протазата, се одликува со богата фигуративност на структурите: полиптотон (ἁρπάσας – ἁρπασθεῖσα, ὑβρίσας – ὑβρισθεῖσα), хомојоптотон (ἁρπάσας – ὑβρίσας, ἁρπασθεῖσα – ὑβρισθεῖσα, ἠδίκησεν – ἐδυστύχησεν), хомојотелеутон (ἁρπάσας – ὑβρίσας, ἁρπασθεῖσα – ὑβρισθεῖσα, ἠδίκησεν – ἐδυστύχησεν). Стилската симетрија има аргументативна функција бидејќи формалната организација на исказот ја претставува распределбата на одговорноста како логички нужна и очигледна.

35. ἄξιος οὖν ὁ μὲν ἐπιχειρήσας βάρβαρος βάρβαρον ἐπιχείρημα καὶ λόγωι καὶ νόμωι καὶ ἔργωι λόγωι μὲν αἰτίας, νόμωι δὲ ἀτιμίας, ἔργωι δὲ ζημίας τυχεῖν·

Оваа реченица реферира на претходно воспоставената релација меѓу сторителот на насилството и онаа што го претрпела насилството со фокус на насилникот што сега добива конкретен назив со квалитативен статус (ὁ βάρβαρος) и со предлог како неговото дело заслужено да биде санкционирано (ἄξιος ... τυχεῖν). Сторителот и неговото дело се опишани со соодветна фигуративност, која има капацитет за аргументативно влијание. Конструкцијата на изразот ὁ ἐπιχειρήσας βάρβαρος βάρβαρον ἐπιχείρημα се темели на етимолошка блискост (ἐπιχειρήσας – ἐπιχείρημα), на фонетски паралелизам (ἐπιχειρήσας – ἐπιχείρημα, βάρβαρος – βάρβαρον), полиптотон (βάρβαρος – βάρβαρον) и семантичка кореспонденција меѓу agens и actum: варварски извршител и варварско дело, а распоредот на елементите е хијастички: А – Б, Б – А. Тријадата λόγῳ – νόμῳ – ἔργῳ се јавува во две последователни, но структурно различни позиции. Во првата, со полисиндетонската низа καὶ λόγῳ καὶ νόμῳ καὶ ἔργῳ, трите морфолошки и синтаксички форми на дативот образуваат самостојна тријада што ги воспоставува трите сфери на санкционирање. Во втората тријада се повторува првата, но се развива во три паралелни корелативни единици, при што на секој датив му се придружува соодветен генитив (λόγῳ μὲν αἰτίας, νόμῳ δὲ ἀτιμίας, ἔργῳ δὲ ζημίας) зависен од заедничкото τυχεῖν. Така, полисиндетонското акумулирање καὶ... καὶ... καὶ преминува во дистрибутивното расчленување μέν... δέ... δέ: првата тријада ја задава категоријалната рамка, а втората ја исполнува со конкретна аргументативна содржина.

36. ἡ δὲ βιασθεῖσα καὶ τῆς πατρίδος στερηθεῖσα καὶ τῶν φίλων ὀρφανισθεῖσα πῶς οὐκ ἂν εἰκότως ἐλεηθείη μᾶλλον ἢ κακολογηθείη;

Оваа реченица е конструирана од триколон со функција на субјект и предикативно јадро составено од бинарна структура на антитетички позиционирани глаголски форми. Триколонот го дефинира статусот на субјектот (таа = Елена) преку низа од пасивни партиципи (βιασθεῖσα ... στερηθεῖσα ... ὀρφανισθεῖσα) поврзани со полисиндетон (καὶ ... καὶ), кои се одликуваат со изразена морфолошка

и фонетска кореспонденција што произведува соодветни фигури (хомојоптотон и хомојотелеутон). Триколонот, меѓутоа, е организиран со синтаксичка асиметрија, што значи дека една (βιασθεῖσα) од трите глаголски форми нема свој модификатор. Но, синтаксичката симетрија е присутна кај вториот и третиот колон што имаат модификатори, поточно форми во генитив (τῆς πατρίδος, τῶν φίλων), кои кореспондираат морфолошки и воспоставуваат хомојоптотон. Триколонот се темели на семантичка градација (од самиот чин на насилство кон неговите општествени и лични последици), која го моделира аргументативниот фокус од логос кон патхос. Триколонот со синтаксички статус на субјект и предикативното јадро составено од бинарна споредбено-антитетичка структура (ἐλεηθείη μᾶλλον ἢ κακολογηθείη) градат интерогативна конструкција со нагласена асертивна и конклузивна функција во форма на реторичко прашање. Ова значи дека, од една страна, прашањето не бара одговор, туку претставува заклучок како соодветна последица (εἰκότως) од претходно наведените квалификации во триколонот, и таа заслужува поскоро сожалување одошто навреда, а, од друга страна, со вака поставеното прашање ја анимира публиката и таа да учествува во процесот на аргументација.

37. ὁ μὲν γὰρ ἔδρασε δεινά, ἡ δὲ ἔπαθε· δίκαιον οὖν τὴν μὲν οἰκτῖραι, τὸν δὲ μισῆσαι.

Со оваа периода се заокружува аргументацијата за втората можна причина за заминувањето на Елена (sc. βίαι ἁρπασθεῖσα) заради што таа е составена од две бинарни антитетички структури што имаат различни аргументативни функции: едната како образложение, а другата како заклучок. Во антитетична кореспонденција се субјектите (ὁ μὲν ... ἡ δὲ) на едната и објектите (τὴν μὲν ... τὸν δὲ) на другата реченица, како и односните предикати (ἔδρασε ... ἔπαθε, οἰκτῖραι ... μισῆσαι). Таквата организација на елементите се темели на синтаксички, морфолошки и семантички паралелизам, а особено е впечатлив хијастичкиот распоред (А – Б, Б – А) на морфолошката трансформација на заменките (ὁ μὲν ... ἡ δὲ, τὴν μὲν ... τὸν δὲ).

38. εἰ δὲ λόγος ὁ πείσας καὶ τὴν ψυχὴν ἀπατήσας, οὐδὲ πρὸς τοῦτο χαλεπὸν ἀπολογήσασθαι καὶ τὴν αἰτίαν ἀπολύσασθαι ὧδε.

Во 8. параграф се отвора побивањето на обвинувањето на Елена за она што го сторила со аргументација дека за нејзиното дејствување можеби е одговорно влијанието на говорот (λόγος) што е третата потенцијална причина во претходно посочената низа (sc. λόγοις πεισθεῖσα). Протазата на условната реченица има предикативна структура составена од супстантивизирани партиципи (ὁ πείσας ... ἀπατήσας) со заеднички објект (τὴν ψυχὴν), кој претставува синегдоха pars pro toto и е замена за Елена. Партиципските форми воспоставуваат целосна морфолошка симетрија, која фигуративно се реализира како хомојоптотон и фонетска блискост што создава хомојотелеутон. И во аподозата се избегнува лична глаголска форма во предика-

тивното јадро, а синтаксичката функција се остварува со инфинитиви зависни од безличното χαλεπὸν со елизија на глаголот. Со инфинитивите (ἀπολογήσασθαι ... ἀπολύσασθαι) дејствата се апстрахираат од конкретен вршител и се претставуваат како објективно изводлива аргументативна постапка. Ваквиот избор создава синтаксички паралелизам, морфолошка симетрија и изразена фонетска организираност, а во однос на аргументацијата апстрактен и сам по себе убедлив исказ.

39. λόγος δυνάστης μέγας ἐστίν, ὃς σμικροτάτωι σώματι καὶ ἀφανεστάτωι θειότατα ἔργα ἀποτελεῖ· δύναται γὰρ καὶ φόβον παῦσαι καὶ λύπην ἀφελεῖν καὶ χαρὰν ἐνεργάσασθαι καὶ ἔλεον ἐπαυξῆσαι.

Периодата е составена од две реченици. Првата реченица го опишува зборот и говорот (λόγος) со метафоричка персонификација како (над)моќно суштество (δυνάστης μέγας), кое има своја неперцептивна појавност (σμικροτάτωι σώματι καὶ ἀφανεστάτωι), но исклучително моќна дејствителност (θειότατα ἔργα ἀποτελεῖ). За овој опис се употребени суперлативи што се во морфолошка кореспонденција, но се позиционирани во синтаксичка асиметрија: првите два, обединети со хомојоптотон и хомојотелеутон, ги определуваат својствата на телото на λόγος, додека третиот го определува својството на неговите дела. Втората реченица се надоврзува на претходната со објаснувачко γάρ и презентира низа од „најбожествени дела" на зборот/говорот. Врската помеѓу двете реченици е воспоставена и со вкрстена етимолошка, семантичка и аргументативна корелација помеѓу две форми: именката δυνάστης, која го определува λόγος како носител на моќ, и личната глаголска форма δύναται, која ја актуализира таа моќ како способност за конкретно дејствување. Оваа поврзаност ја објаснува развиената низа од четири отсечки како доказ за тоа за што е способен (δύναται) моќниот (δυνάστης) збор/говор. Низата е составена од четири бинарни отсечки дефинирани според моделот инфинитив и негов објект во акузатив што е зависно од verbum regens δύναται. Распоредот на овие отсечки покажува интенциозност во нивното антитетичко организирање во парови според семантичка симетрија: глаголи што означуваат поништување, отстранување (παῦσαι ... ἀφελεῖν) и глаголи со значење поттикнување, зајакнување (ἐνεργάσασθαι ... ἐπαυξῆσαι). Модификаторите на овие глаголи ја составуваат низата од чувства афектирани од дејствителноста на λόγος. Со овој тетраколон Горгија, всушност, го мапира патхос, реторската стратегија што, користејќи ги капацитетите на јазикот, произведува соодветни чувства кај публиката за постигнување определена персуазивна задача.

40. δεῖ δὲ καὶ δόξηι δεῖξαι τοῖς ἀκούουσι· τὴν ποίησιν ἅπασαν καὶ νομίζω καὶ ὀνομάζω λόγον ἔχοντα μέτρον· ἧς τοὺς ἀκούοντας εἰσῆλθε καὶ φρίκη περίφοβος καὶ ἔλεος πολύδακρυς καὶ πόθος φιλοπενθής, ἐπ' ἀλλοτρίων τε πραγμάτων καὶ σωμάτων εὐτυχίαις καὶ δυσπραγίαις ἴδιόν τι πάθημα διὰ τῶν λόγων ἔπαθεν ἡ ψυχή. φέρε δὴ πρὸς ἄλλον ἀπ' ἄλλου μεταστῶ λόγον.

Содржината на овој параграф експлицитно е најавена во последната реченица на претходниот со директно вклучување на говорникот, односно Горгија, во текстот на беседата. Тој најавува дека ќе покаже/докаже дека зборот/говорот поседува голема способност за божествени дела какво што е влијанието врз чувствата. Преминот од едниот кон другиот параграф е направен со воспоставување на синтаксичка, морфолошка и семантичка координација на предикатот, кој, од лична глаголска форма (δείξω) во последната реченица, тука се трансформира во инфинитив (δεῖξαι) зависен од безличното δεῖ, и со тоа најавената демонстрација се претставува како нужност. Така личната намера на говорникот се претвора во објективно барање на аргументацијата. И покрај оваа намера за објективност, Горгија повторно се легитимира со својот личен став и предлага дефиниција на поезијата со употреба на лични глаголски форми во прво лице (καὶ νομίζω καὶ ὀνομάζω). Таквата метапозиција говорникот ќе ја задржи и на крајот од параграфот каде што лично (μεταστῶ) ќе ја соопшти својата намера како најава за следните содржини на беседата. Овој параграф воспоставува уште една, за аргументацијата важна координација со претходниот параграф. Таму во тетраколон се набројуваат способностите на говорот како моќен владетел на чувствата (δυνάστης μέγας ... δύναται ... παῦσαι ... ἀφελεῖν ... ἐνεργάσασθαι ... ἐπαυξῆσαι). Тука воопштената способност на говорот се конкретизира во посебен вид говор, говорот на поезијата, кој посредува во чувствата кај оние што го слушаат. Согласно со тоа се менува синтаксичкиот статус, а соодветно и морфолошкиот статус на чувствата; претходно објекти во акузатив (φόβον, λύπην, χαρὰν, ἔλεον) на инфинитивите зависни од δύναται како verbum regens, сега стануваат субјекти (φρίκη καὶ ἔλεος καὶ πόθος) чија дејствителност е персонализирана со придавки (περίφοβος, πολύδακρυς, φιλοπενθής) обединети со еден заеднички предикат (εἰσῆλθε) што воспоставува релација со индиректниот објект, односно со оној што ги прима овие чувства додека слуша поезија, или, како што Горгија погоре ја дефинира, говор во метар (една формулација што подоцна се сретнува во *Поетиката* 1447b7–9 на Аристотел). Во структурирањето на овој триколон (чувство + ефект) може да се препознае една особеност на дискурсот на Горгија кога формата го миметизира значењето. Имено, за да се опише влијанието на поетскиот говор врз оние што го слушаат, авторот избира токму таков, соодветен поетски говор полн со поетски изразни средства на искреирани јазични форми (атрибути).

41. αἱ γὰρ ἔνθεοι διὰ λόγων ἐπωιδαὶ ἐπαγωγοὶ ἡδονῆς, ἀπαγωγοὶ λύπης γίνονται· συγγινομένη γὰρ τῆι δόξηι τῆς ψυχῆς ἡ δύναμις τῆς ἐπωιδῆς ἔθελξε καὶ ἔπεισε καὶ μετέστησεν αὐτὴν γοητείαι.

Оваа периода, и по својата синтаксичка функција воведена со објаснувачко γάρ, треба да појасни на што поточно мисли Горгија кога го затвора претходниот параграф со најава дека од еден говор ќе премине на друг. Според содржината на

овој параграф, може да се претпостави дека, од поетскиот говор и неговите психагогиски способности, авторот сега преминува на еден друг (не нужно поинаков) вербален облик, кој тој го нарекува напев (ἐπωιδή). Можноста да стекне способност за дејствување (ἐπαγωγοὶ ... ἀπαγωγοὶ) напевот ја добива од сопствената божествена природа (ἔνθεοι), но, пред сè, таа способност за дејствување се генерира преку зборовите (διὰ λόγων), што се неговото средство на подражавање. Описот на овие напеви во реченицата се реализира на неколку рамништа и со различни јазични средства: со атрибутот ἔνθεοι, со предлошката конструкција διὰ λόγων и со предикативното јадро што е составено од две семантички антитетични бинарни структури (ἐπαγωγοὶ ἡδονῆς, ἀπαγωγοὶ λύπης) и глаголска форма (γίνονται) што е во синтаксичка координација со субјектот (ἐπωιδαὶ). Описот произведува аргументација преку пример и аналогија: напевите се наведуваат како пример за афективната моќ на зборовите, дека тие можат непосредно да ја менуваат состојбата на душата и да произведуваат спротивни душевни состојби. Следната реченица делумно ја повторува и ја зајакнува оваа аргументација, а делумно ја проширува. Имено, и двете реченици имаат семантички ист субјект (αἱ ἐπωιδαὶ ... ἡ δύναμις τῆς ἐπωιδῆς) чија дејствителност во првата реченица се проширува преку зборовите (διὰ λόγων), а во втората со стопувањето со претставата во душата (συγγινομένη τῇι δόξηι τῆς ψυχῆς). Во првата реченица дејствителноста на напевите е опишана како способност да се произведат некои чувства (ἡδονῆς ... λύπης), а во втората како психагогиско влијание врз душата презентирано со триколон, низа од три глаголски форми што во семантичка градација ги означуваат трите видови вербално влијание: восхитување, убедување, преобратување (ἔθελξε καὶ ἔπεισε καὶ μετέστησεν) или трите степени на вербална аргументација: афективна, реторичка и перформативна. Двете реченици образуваат аргументативна прогресија од општото кон конкретното и од способноста кон нејзиното остварување. Првата реченица, значи, го воспоставува капацитетот на напевите да предизвикуваат чувства, а втората го прикажува остварувањето на тој капацитет врз душата. Во неа предметот на дејството веќе не се одделни чувства, туку самата душа, која е восхитена, убедена и преместена во поинаква состојба. Сепак, покрај оваа меѓуреченична блискост и синтаксички паралелизам, аргументацијата во втората реченица е проширена со еден нов елемент, а тоа е инструменталноста на волшепството (γοητείαι), кое асистира во психагогискиот процес што го врши напевот, или вербалниот облик.

42. γοητείας δὲ καὶ μαγείας δισσαὶ τέχναι εὑρηνται, αἵ εἰσι ψυχῆς ἁμαρτήματα καὶ δόξης ἀπατήματα.

Оваа реченица, синтаксички самостојна, е поврзана со претходната преку анадиплоза што создава семантички континуитет на двете реченици и воспоставува морфолошка (полиптотон) и фонетска меѓуреченична координација. Повторување-

то на поимот „волшепства“ тука има задача да тематизира една поширока област на дејствителност и негово категоријално поврзување со магиските активности како две вештини (δισσαὶ τέχναι) што влијаат субверзивно на душата и на мислењето (ψυχῆς ἁμαρτήματα καὶ δόξης ἀπατήματα). Структурата на реченицата се одликува со синтаксички паралелизам на субјектот и на предикатот, кој е семиотички обележен со формулата δισσαὶ (τέχναι). Бинарните структури развиваат морфолошка симетрија што произведува хомојоптотон (γοητείας – μαγείας, ψυχῆς – δόξης, ἁμαρτήματα – ἀπατήματα), а фонетската блискост се остварува како хомојотелеутон.

43. ὅσοι δὲ ὅσους περὶ ὅσων καὶ ἔπεισαν καὶ πείθουσι δὲ ψευδῆ λόγον πλάσαντες.

Првата реченица во параграфот е самостојна извична реченица со која се мапира една комуникациска ситуација. Со почетната низа од трикратно варирање на заменката ὅσος, што развива полиптотон, се прави семантичко расчленување на комуникацискиот чин и се именуваат трите чинители на процесот на убедување: тие што убедуваат, тие што се убедувани и тоа што е предмет на убедувањето (ὅσοι, ὅσους, περὶ ὅσων), а нивната квантитативна неопределеност сугерира немерливост на обемот на таквата комуникација. Видот на комуникацијата е дефиниран со предикативно јадро составено од семантички координирани глаголски форми (ἔπεισαν ... πείθουσι) поврзани со полисиндетон (καὶ ... καὶ), кој им обезбедува еднаков синтаксички и вредносен статус, а меѓусебно се поврзани со полиптотон втемелен во морфолошка симетрија, која не е целосна поради различната темпорална детерминираност (аорист – презент), што, пак, обезбедува извесен временски континуум и долготрајност на оваа комуникација. За аргументацијата е најрелевантна синтагмата ψευδῆ λόγον πλάσαντες, која преку партиципот (πλάσαντες) синтаксички се поврзува со субјектот (ὅσοι). Но, за аргументативната процедура е поважна неговата адвербијална функција со која создавањето лажен говор се определува како средство за остварување на убедувањето и во минатото и во сегашноста. Убедувањето, според тоа, не произлегува од вистинитоста на исказот, туку од начинот на кој говорот е конструиран. Лажниот говор може да биде фактички невистинит, а сепак реторички делотворен.

44. εἰ μὲν γὰρ πάντες περὶ πάντων εἶχον τῶν <τε> παροιχομένων μνήμην τῶν τε πρόντων <ἔννοιαν> τῶν τε μελλόντων πρόνοιαν, οὐκ ἂν ὁμοίως ὅμοιος ἦν ὁ λόγος, οἷς τὰ νῦν γε οὔτε μνησθῆναι τὸ παροιχόμενον οὔτε σκέψασθαι τὸ παρὸν οὔτε μαντεύσασθαι τὸ μέλλον εὐπόρως ἔχει·

Оваа условна реченица го тематизира статусот и дејствителноста на говорот како лажен говор (ψευδὴς λόγος) од претходната реченица. Поврзувањето меѓу речениците е, пред сè, синтаксичко со воведната експликаторна партикула γάρ, но се содржи и во синтагмата ὁμοίως ὅμοιος, која се однесува на ὁ λόγος, субјектот на аподозата, која е конклузивна во однос на протазата и на посреден начин аргументативно

побивачка во однос на претходната реченица. Имено, кога сите би имале познавање за сите нешта на сите три темпорални рамништа, тогаш не би било возможно (или нужно) говорот да биде лажен, односно сличен (ὅμοιος) на лажниот, ниту би било можно таквиот говор, кој е лажен, да дејствува на сличен (ὁμοίως) начин, односно да ги убедува другите и во толкав голем број, затоа што тие би ја познавале вистинитоста на нештата. Аподозата е дополнета со релативна реченица што има споредбена и објаснувачка функција во аргументацијата. Со темпоралната спецификација (νῦν γε) оваа реченица се дистанцира од онтолошкиот регистар на условната реченица и ја потврдува нејзината ирealност со тоа што ја соопштува фактичката состојба во која реално на луѓето не им е лесно да го стекнат севкупното знаење за сите нешта на сите темпорални рамништа, што е, всушност, содржината на протазата. Горгија на овој начин гради кружна композиција втемелена во семантичка координација на релативната и условната реченица со активирање на синтаксички паралелизам и морфолошки и фонетски кореспонденции. Особено впечатливи се двете тријади составени од бинарни структури од кои едната е позиционирана во протазата, а другата во релативната реченица. Нивните конструкции се синтаксички детерминирани. Во протазата тријадата е составена од низа на акузативи (μνήμην, ἔννοιαν, πρόνοιαν) во функција на директен предмет на личната глаголска форма (εἶχον) што е предикат на субјектот (πάντες) и од низа на генитиви од супстантивизирани партиципи (τῶν παροιχομένων, τῶν τε πρόντων, τῶν μελλόντων) со функција на објект на секоја од посочените когнитивни активности. Тријадата во релативната реченица е составена од една низа на инфинитиви (μνησθῆναι, σκέψασθαι, μαντεύσασθαι) зависни од безличната формула εὐπόρως ἔχει (= „лесно е“ што со негативниот полисиндетон (οὔτε ... οὔτε ... οὔτε) од тријадата семантички се нијансира во негирано „не е лесно“) и од друга низа од акузативи на супстантивизирани партиципи (τὸ παροιχόμενον, τὸ παρὸν, τὸ μέλλον) во функција на директен предмет на инфинитивот. Двете тријади се наоѓаат во однос на семантичка еквивалентност и граматичка преобразба. И едната и другата тријада содржат семантички и лексички идентични форми (супстантивизирани партиципи) со идентична функција на предмет: во првата тријада предмет на когнитивна именка, а во втората тријада директен предмет на когнитивен глагол од што произлегува меѓуреченична морфолошка преобразба на генитивите од едната тријада во акузативи на другата, и таквата координација се реализира како полиптотон, а внатре во секоја од тријадите морфолошката симетрија на формите (генитив – акузатив) создава хомојоптотон и хомојотелеутон. Семантичката блискост меѓу двете тријади, а посредно и меѓу двете реченици се препознава и во семантичкото поле на когнитивноста што во првата тријада се именува преку способностите (μνήμη, ἔννοια, πρόνοια), а во втората преку соодветните дејствувања (μνησθῆναι, σκέψασθαι, μαντεύσασθαι). Овие низи не се во меѓуреченична синтаксичка и морфолошка координација, но, во рамките на секоја од тријадите, корелацијата на елементите произведува хомојоптотон.

45. ὥστε περὶ τῶν πλείστων οἱ πλεῖστοι τὴν δόξαν σύμβουλον τῆι ψυχῆι παρέχονται.

Со оваа консекутивна реченица се заокружува аргументацијата од претходната реченица со констатацијата дека во епистемолошката ограниченост на душата може да асистира мнението (δόξα) како советник во процесот на убедувањето, и тоа се однесува за најголемиот број луѓе и за најголемиот број случаи. Реченицата е структурирана со морфолошка кореспонденција на τῶν πλείστων οἱ πλεῖστοι, која се реализира со полиптотон, што преку квантитативната непрецизност на суперлативите тезата ја претвора во генерализација и со тоа ја обезбедува нејзината општоважечка аргументативна вредност.

46. ἡ δὲ δόξα σφαλερὰ καὶ ἀβέβαιος οὖσα σφαλεραῖς καὶ ἀβεβαίοις εὐτυχίαις περιβάλλει τοὺς αὐτῆι χρωμένους.

Оваа реченица воспоставува експликативно-последична врска со претходната реченица во однос на статусот на мнението (δόξα) во реторската комуникација и нијансирано контрастивно-корективен однос што го наметнува партикулата δέ. Квалификацијата на мнението како нешто нестабилно и несигурно (σφαλερὰ καὶ ἀβέβαιος) ја трансформира и ја проширува претходната констатација дека тоа е советник на душата во услови кога повеќето луѓе не се когнитивно самостојни и имаат потреба од интелектуална придружба, односно мнение. Но, тука се потсетува дека таквата придружба персонифицирана како советник (σύμβουλος) има епистемолошки слабости (σφαλερὰ καὶ ἀβέβαιος) што се пренесуваат како својство и на резултатот од неговата употреба. Оваа релација меѓу средството и производот фигуративно е поддржана со двоен полиптотон на семантички идентична синтагма, но со различна синтаксичка функција, при што предикативните својства (σφαλερὰ καὶ ἀβέβαιος) на субјектот δόξα се пресликуваат во атрибутивните определби (σφαλεραῖς καὶ ἀβεβαίοις) на поволниот исход (εὐτυχίαις) од процесот на убедување во кој учествува мнението, а не знаењето.

47. Ракописната традиција на Беседата бележи тешко оштетување во првата реченица на параграфот 12. Наместо синтаксички неразбирливото ὕμνος ἦλθεν и проблематичното βιατήριον, критичарите предложиле повеќе реконструкции. Во поновите изданија на текстот реченицата најчесто се пренесува вака:

τίς οὖν αἰτία κωλύει καὶ τὴν Ἑλένην νομίσαι ἐλθεῖν ὁμοίως ἄκουσαν οὖσαν ὥσπερ εἰ βιατήρων βίᾳ ἡρπάσθη;

Реченицата има облик на реторичко прашање што го анимира вниманието на читателот, но и поттикнува негово учество во аргументативниот процес. Во овој случај одговорот што се содржи во прашањето е структуриран со аналогија синтаксички насочена со споредбената корелација на ὁμοίως ... ὥσπερ. Оттаму и аргументацијата што се гради е аналогиска и се темели на изедначувањето на дејствителноста на говорот и на силата, што Горгија ги предлага (види параграф 6) како

можни причини за заминувањето на Елена без нејзина волја, односно со присила. Следи заклучокот дека, ако се прифати насилството како оправдана причина за неволното заминување на Елена, тогаш и убедливата моќ на говорот може да биде еднакво разбирлива причина за нејзиното однесување.

48. τὸ γὰρ τῆς πειθοῦς ἐξῆν ὁ δὲ νοῦς καίτοι εἰ ἀνάγκη ὁ εἰδὼς ἕξει μὲν οὖν, τὴν δὲ δύναμιν τὴν αὐτὴν ἔχει. [Diels–Kranz, *Die Fragmente der Vorsokratiker*, 6th ed., *vol. II*, 1952.]

ἡ γὰρ τῆς πειθοῦς ἕξις, καίτοι εἰ ἀνάγκης εἶδος ἔχει μὲν οὔ, τὴν δὲ δύναμιν τὴν αὐτὴν ἔχει. [Gorgias, Ἑλένης ἐγκώμιον, in N. M. Skouteropoulos (ed.), Η Αρχαία Σοφιστική. Τα σωζώμενα αποσπάσματα, trans. P. Kalligas, Gnosi, Athens, 1991.]

Делови од оваа реченица со исклучок на нејзината завршница (τὴν δὲ δύναμιν τὴν αὐτὴν ἔχει) се текстуално проблематични поради нејасната синтаксичка структура што не дозволува сигурно воспоставување на сите граматички релации. И покрај некои филолошки обиди да се (ре)конструира некоја поприфатлива верзија на текстот, не е постигната усогласеност за некоја канонизирана верзија. Сепак, и покрај граматичките недостатоци, текстот овозможува препознавање на семантичкото јадро втемелено во корелацијата πειθώ – ἀνάγκη – δύναμις, што потоа се зема за основа на интерпретативните преводни решенија, а тоа може да обезбеди аргументативна поддршка на аналогијата промовирана во претходната реченица. Според аналогијата што таму се воспоставува, говорот функционално се изедначува со силата, од што следи дека, како што физичката сила ја поништува слободата на дејствување на оној врз кого се применува, така и говорот, преку убедувањето, може да ја суспендира автономијата на изборот.

49. λόγος γὰρ ψυχὴν ὁ πείσας, ἣν ἔπεισεν, ἠνάγκασε καὶ πιθέσθαι τοῖς λεγομένοις καὶ συναινέσαι τοῖς ποιουμένοις.

Во реченицата можат да се препознаат две структури што делумно се преклопуваат; едната ги обединува семантички сродните форми: πείσας, ἔπεισεν, πιθέσθαι, а другата е составена од две паралелно поставени бинарни отсечки (καὶ πιθέσθαι τοῖς λεγομένοις καὶ συναινέσαι τοῖς ποιουμένοις). Првата половина од реченицата е организирана преку лексичко-морфолошко повторување, а втората преку синтаксичка и морфолошка симетрија. Првата низа ја докажува моќта на тој што убедува, односно на говорот, а втората ги покажува последиците врз тој што е убеден. Морфолошките варирања на глаголот πείθω произведуваат полиптотон, кој ја прикажува семантичката трансформација од активното убедување кон покорувањето на убедената душа.

Тоа што најнапред се појавува како активно πείσας, преку ἔπεισεν, завршува во медијалното πιθέσθαι: граматиката го покажува преминот од дејството на убедувачот кон состојбата и поведението на убедениот.

50. ὁ μὲν οὖν πείσας ὡς ἀναγκάσας ἀδικεῖ, ἡ δὲ πεισθεῖσα ὡς ἀναγκασθεῖσα τῶι λόγωι μάτην ἀκούει κακῶς.

Периодата се одликува со целосен и прецизен синтаксички, морфолошки и семантички паралелизам, кој е во функција на аргументацијата. Елементите се организирани во блокови со бинарна антитетична симетрија, која произведува можност за хијастички кореспонденции меѓу членовите. Овие сегменти се дефинирани синтаксички со субјектот на реченицата во контрастивна релација (ὁ μὲν ... ἡ δὲ) и со активно-пасивна опозиција на глаголските облици во двете реченици (πείσας – πεισθεῖσα, ἀναγκάσας – ἀναγκασθεῖσα). На тој начин се мапира улогата на едниот наспроти другиот учесник во аргументативната процедура, во овој случај намерно неименуваните Елена и Парис за да се постигне објективност и логичка релевантност на убедувањето. Па така, активниот чинител, оној што убедил така што ја принудил на дејство со моќта на говорот направил неправда, а таа што била убедена со тоа што била принудена со говорот, таа сега без основа е на лош глас и трпи неправда.

51. ὅτι δ' ἡ πειθὼ προσιοῦσα τῶι λόγωι καὶ τὴν ψυχὴν ἐτυπώσατο ὅπως ἐβούλετο, χρὴ μαθεῖν πρῶτον μὲν τοὺς τῶν μετεωρολόγων λόγους, οἵτινες δόξαν ἀντὶ δόξης τὴν μὲν ἀφελόμενοι τὴν δ' ἐνεργασάμενοι τὰ ἄπιστα καὶ ἄδηλα φαίνεσθαι τοῖς τῆς δόξης ὄμμασιν ἐποίησαν· δεύτερον δὲ τοὺς ἀναγκαίους διὰ λόγων ἀγῶνας, ἐν οἷς εἷς λόγος πολὺν ὄχλον ἔτερψε καὶ ἔπεισε τέχνηι γραφείς, οὐκ ἀληθείαι λεχθείς· τρίτον <δὲ> φιλοσόφων λόγων ἀμίλλας, ἐν αἷς δείκνυται καὶ γνώμης τάχος ὡς εὐμετάβολον ποιοῦν τὴν τῆς δόξης πίστιν.

Овој параграф синтаксички претставува една сложена периода со дисперзирана реторичка задача преку три парадигми да ја докаже тезата изнесена во претходниот параграф: дека убедувањето (πειθώ) преку говорот (λόγος) може да влијае на душата со моќ слична на присила (ἀνάγκη). Трите примери се ситуирани во три различни дискурзивни полиња и демонстрираат три различни реторички ситуации во кои говорот влијае на мнението (δόξα), а со тоа и на процесот на убедување. Во првиот пример земен од расправите на оние што се занимаваат со природните науки се тврди дека едно мнение се заменува со друго така што едно се отстранува, а друго се создава. Вториот пример се однесува на реторските натпревари каде што се покажува дека квалитативната супериорност на една беседа што ја исполнува својата функција да убеди и да развесели (ἔτερψε καὶ ἔπεισε) е втемелена во вештината (τέχνη) со која е составена, а не во нејзината вистинитост (ἀλήθεια). Во ова спојување на задоволството и убедувањето може да се препознае рана функционална концепција на реторичкиот говор, која има аналогии во подоцнежната античка теорија: кај Кикерон во тријадата docere – delectare – permovere, а, во поинаков, поетолошки контекст, кај Хоратиј во спојувањето prodesse – delectare. Третиот пример произлегува од согледувањето на филозофските беседи што покажува дека непостојаноста

на мислата произведува и нестабилност на убедливоста на мнението (τὴν τῆς δόξης πίστιν). Соодветно на содржините, структурата на параграфот е трипартитна, а деловите се поврзани со семантичка кореспонденција и градација. Во првиот дел говорот заменува едно мнение со друго; во вториот говорот, преку вештината, убедува мноштво луѓе независно од вистинитоста; во третиот самата убедливост што произлегува од мнението се покажува како променлива и непостојана. Очекувано за аргументативната постапка што тука се спроведува, параграфот манифестира густа лексичка мрежа околу двата клучни поими λόγος (τῶι λόγωι – λόγους – διὰ λόγων – λόγος – λόγων) и δόξα (δόξαν – δόξης – δόξης – δόξης) и нивна реторичка кореспонденција со еднакво важните πειθώ и ψυχή.

52. τὸν αὐτὸν δὲ λόγον ἔχει ἥ τε τοῦ λόγου δύναμις πρὸς τὴν τῆς ψυχῆς τάξιν ἥ τε τῶν φαρμάκων τάξις πρὸς τὴν τῶν σωμάτων φύσιν.

Во овој параграф се воспоставува уште една аналогија на говорот и на неговата перформативна функција што треба да ја поддржи аргументацијата во одбраната на Елена. Дејствителноста на говорот тука се споредува и се изедначува со дејствителноста на лековите, со таа разлика што лековите влијаат на телото, а говорот влијае на душата. Семантичката симетрија на пропорционалната аналогија е реализирана во внимателно структурирана периода организирана според бинарен паралелизам на синтаксичките структури и морфолошките елементи. Двата огледално поставени члена на споредбата споделуваат едно исто предикативно јадро (τὸν αὐτὸν δὲ λόγον ἔχει), кое воспоставува синтаксичко премостување меѓу двата координирани субјекта (ἥ τε τοῦ λόγου δύναμις, ἥ τε τῶν φαρμάκων τάξις) и нивните соодветни релациски дополнувања (πρὸς τὴν τῆς ψυχῆς τάξιν, πρὸς τὴν τῶν σωμάτων φύσιν). Корелативната конструкција τε ... τε дополнително ја нагласува структурната рамноправност на двата члена и ја прави синтаксичката симетрија носител на самата пропорционална аналогија. Во периодата се забележува, најверојатно не случајна, полисемија на две лексеми, едната е λόγος, а другата е τάξις. Во изразот τὸν αὐτὸν λόγον ἔχει, λόγος значи „однос“, „сооднос“, односно логичка релација: „го има истиот однос“, а во синтагмата τοῦ λόγου δύναμις, λόγος го има своето основно контекстуално значење „говор“, „збор“, односно јазичен дискурс како дејствителна сила. Оттаму, истата лексема во непосредна близина се активира во две различни семантички полиња: релациско-логичко и јазично-реторичко. Семантичките варијации на τάξις се позиционирани во различни контексти, кои во овој случај ја градат аналогијата говор – лек. Во τὴν τῆς ψυχῆς τάξιν зборот означува „состојба“, „устројство“ или „распоред“ на душата, односно нејзината внатрешна психичка организација. Во τῶν φαρμάκων τάξις, пак, τάξις означува „ред“, „систем“ или „распределба на видовите“ лекови според нивното различно дејство.

53. ὥσπερ γὰρ τῶν φαρμάκων ἄλλους ἄλλα χυμοὺς ἐκ τοῦ σώματος ἐξάγει, καὶ τὰ μὲν νόσου τὰ δὲ βίου παύει, οὕτω καὶ τῶν λόγων οἱ μὲν ἐλύπησαν, οἱ δὲ ἔτερψαν, οἱ δὲ ἐφόβησαν, οἱ δὲ εἰς θάρσος κατέστησαν τοὺς ἀκούοντας, οἱ δὲ πειθοῖ τινι κακῇ τὴν ψυχὴν ἐφαρμάκευσαν καὶ ἐξεγοήτευσαν.

Претходно апстрактно воспоставената аналогија говор – лек и душа – тело сега се конкретизира преку примери на дејства симетрично распределени во корелативно компаративна конструкција на двата члена на аналогијата синтаксички организирана од ὥσπερ ... οὕτω καὶ, при што првиот блок се однесува на лековите и нивните можности за дејствување, а вториот е отстапен за влијанието на говорите. Во рамките на секое семантичко поле, перформативноста на двата аналогни чинители е разделена во категоријално различни низи, дејствата на лековите се распределуваат преку τὰ μὲν ... τὰ δὲ, додека дејствата на говорите се развиваат преку повеќекратната корелативна низа οἱ μὲν ... οἱ δὲ ... οἱ δὲ ... οἱ δὲ ... οἱ δὲ. Елементите на низите се организирани преку семантички антитези. Наспрема спротивставените дејства на лековите да ја прекинат болеста или животот (νόσου – βίου παύει) стојат дејствата на говорите презентирани во семантички антитетични парови: тага – радост (ἐλύπησαν – ἔτερψαν) и страв – храброст (ἐφόβησαν – εἰς θάρσος κατέστησαν). Во последниот дел од презентацијата на ефектите на говорите, аналогијата преминува во метафорична идентификација на двата члена: говорите не се налик на лековите, туку тие преку некое штетно убедување влијаат на преобразување на душата токму како да се лекови (ἐφαρμάκευσαν).

54. καὶ ὅτι μέν, εἰ λόγωι ἐπείσθη, οὐκ ἠδίκησεν ἀλλ' ἠτύχησεν, εἴρηται· τὴν δὲ τετάρτην αἰτίαν τῶι τετάρτωι λόγωι διέξειμι.

Граматичкото прво лице (διέξειμι) во оваа реченица го обележува нејзиниот метадискурзивен карактер и присуството на авторот, кој тука ги сумира претходните содржини и ги најавува оние што следат во системското побивање на вината на Елена. Поточно, Горгија ја затвора аргументацијата за влијанието на говорот како можна причина за дејствување без сопствена волја и најавува премин кон четвртата причина (види параграф 6). Оттаму произлегува и двопартитната конструкција на реченицата, чии членови се корелирани со μέν ... δέ: првиот е ретроспективен и конклузивен, а вториот проспективен и најавувачки. Во првиот член перфектот εἴρηται го претставува претходниот доказ како веќе изведен и важечки, додека идното διέξειμι го насочува излагањето кон аргументот што следува. Првиот член содржи внатрешна условно-заклучна структура што децидно го потцртува епилогот на обемната аргументација од претходните неколку параграфи посветена на побивањето на вината втемелено во психагогиските ефекти на говорот, и тоа со констатација дека, ако била убедена со говор, таа не направила неправда, туку со тоа искусила несреќа. Аподозата на условната реченица е структурирана со корек-

тивна антитеза на клучните докажувачки релации: οὐκ ἠδίκησεν – ἀλλ' ἠτύχησεν, кои се категоријално некомпатибилни. Неправедното дејствување припаѓа на етичко-правната сфера и повлекува санкционирање, а изложеноста на неповолни околности е состојба генерирана од непредвидливата Случајност, и оној што трпи не може да биде одговорен, туку поскоро несреќен.

55. εἰ γὰρ ἔρως ἦν ὁ ταῦτα πάντα πράξας, οὐ χαλεπῶς διαφεύξεται τὴν τῆς λεγομένης γεγονέναι ἁμαρτίας αἰτίαν.

Текстот се враќа во дискурзивниот простор на беседата, и оваа реченица ја отвора аргументацијата за последната, четвртата можна причина за неволното дејствување на Елена, а тоа е љубовта (ἔρως). Реченицата има функција на програмска теза и ја мапира логиката на побивање испробана во досега обработените случаи на ослободување од вина кога можни причини биле волјата на боговите, физичката сила или дејствителната моќ на говорот. Образецот на побивање е дека вината се укинува кога постапката може да се покаже како резултат на принуда (ἀνάγκη) што ја ограничува или суспендира автономијата на субјектот. Оттаму, и сега кога како причина за случувањата се предлага љубовта, се предвидува дека нема да биде тешко да се докаже дека и во овој случај Елена не се однесувала неодговорно и не направила неправда по слободна волја. Таквиот став е изложен со условна реченица со која не се тврди, туку се претпоставува, а тоа промовира реторичка ситуација на ентимематско расудување во апологетскиот процес, кој, бидејќи не нуди декларативен исказ, како таков е отворен за партиципативност на слушателите. Во протазата, значи, се претпоставува дека Ерос како персонификација на љубовта е тој што ги направил сите дејствија, а во аподозата се предвидува дека Елена, која експлицитно не се спомнува, но се определува контекстуално, значи, дека таа лесно ќе го избегне обвинувањето. Стилистички аподозата се одликува со богата фигуративност, која има реторичка функционалност. Со литотата οὐ χαλεπῶς („не тешко", наместо едноставно „лесно") ослободувањето се претставува како едноставен и очекуван исход. Семантичката вредност на личната глаголска форма (διαφεύξεται) сугерира извесност на ослободување од обвинение и претставува метафоризација на самиот чин. Со атрибутивната квалификација λεγομένης γεγονέναι ἁμαρτίας се релативизира квалитативната вредност на грешката и нејзината релевантност во процесот со тоа што грешката се претставува како нешто за кое се вели дека се случило, а не дека тоа е непобитно утврден факт, и на тој начин се минимизира статусот на обвинението.

56. ἃ γὰρ ὁρῶμεν, ἔχει φύσιν οὐχ ἣν ἡμεῖς θέλομεν, ἀλλ' ἣν ἕκαστον ἔτυχε· διὰ δὲ τῆς ὄψεως ἡ ψυχὴ κἂν τοῖς τρόποις τυποῦται.

Ова е последната, третата реченица во параграфот, која заедно со претходните две прави тријада што има своја структурирачка задача во просторот на беседата.

Првиот дел од тријадата е метадискурзивен и според содржината ретроспективно-проспективен. Вториот дел е програмски и го најавува предметот на побивањето. Во овој трет дел се отвора пошироко контекстуално поле во кое натаму ќе се развива конкретната аргументација и одбрана. Горгија потсетува дека она што е објект на визуелното восприемање има своја автентичност и независност од оној што гледа, но субјектот на перцепцијата и поточно неговата душа не останува недопрена од дејството на виденото и трпи промени од впечатоците што се втиснуваат во неа. Горгија повторно го користи истиот модел што претходно го употреби за говорот: надворешна сила дејствува преку определен медиум и ја менува душата. Кај говорот медиум е слушањето, а тука медиум е гледањето. Во двата случаи субјектот не е претставен како целосно суверен господар на сопствената психичка состојба. Фигуративноста на реченицата се гради, најнапред, врз антитетично-корективна конструкција означена со корелацијата οὐχ ... ἀλλά и семантичката опозиција на паралелните членови (ἡμεῖς θέλομεν – ἔκαστον ἔτυχε) засилена со анафора на директниот објект (ἣν ... ἣν). Во вториот дел од реченицата е впечатлива метафората што ја произведува семантиката на формата τυποῦται при што душата се претставува како податлива материја или површина што преку гледањето прима отпечаток од виденото.

57. αὐτίκα γὰρ ὅταν πολέμια σώματα [καὶ] πολέμιον ἐπὶ πολεμίοις ὁπλίσηι κόσμον χαλκοῦ καὶ σιδήρου, τοῦ μὲν ἀλεξητήριον τοῦ δὲ † προβλήματα, εἰ θεάσεται ἡ ὄψις, ἐταράχθη καὶ ἐτάραξε τὴν ψυχήν, ὥστε πολλάκις κινδύνου τοῦ μέλλοντος <ὡς> ὄντος φεύγουσιν ἐκπλαγέντες.

Оваа реченица содржи парадигма што треба да ја поткрепи и дообјасни претходно изнесената теза дека виденото преку визуелната перцепција дејствува врз душата и ја менува. Примерот е изложен со една сложена и повеќеслојна синтаксичка структура во која можат да се препознаат три градациски поврзани рамништа на дејствителност и влијание во процесот на визуелното восприемање и доживување. Развојноста на ефектите од перцептивниот процес е маркирана со глаголските форми: гледање (θεάσεται) – доживување (ἐταράχθη) – однесување (φεύγουσιν). Реторички особено релевантна е конструкцијата κινδύνου τοῦ μέλλοντος <ὡς> ὄντος со која во последичната реченица што има конклузивна функција на парадигмата се констатира трансформативноста на онтолошкиот статус на предметот на перцепција. Имено, се забележува дека перципираниот предмет може да предизвика вознемиреност (ἐκπλαγέντες) и драматична реакција (φεύγουσιν) поради антиципирање на опасност што реално не се случува. Така, визуелната перцепција не само што предизвикува чувство туку и го преобразува начинот на кој се доживува стварноста: идното се доживува како сегашно, а можната опасност како непосредна. Овој пример аргументативно ја подготвува тезата дека видот и афектот можат да го потиснат рационалниот избор, врз што Горгија ќе ја засновува одбраната на Елена.

58. ἰσχυρὰ γὰρ ἡ συνήθεια τοῦ νόμου διὰ τὸν φόβον ἐξωικίσθη τὸν ἀπὸ τῆς ὄψεως, ἥτις ἐλθοῦσα ἐποίησεν ἀμελῆσαι καὶ τοῦ καλοῦ τοῦ διὰ τὸν νόμον κρινομένου καὶ τοῦ ἀγαθοῦ τοῦ διὰ τὴν νίκην γινομένου.

Реченицата се надоврзува на претходната во развивање на аргументот за моќта на видот и виденото врз состојбата на душата и однесувањето на човекот. Стравот (διὰ τὸν φόβον) што може да произлезе од вознемирувачка глетка (ἀπὸ τῆς ὄψεως) има толку големо влијание што ги потиснува (ἐξωικίσθη) усвоените нормативни стандарди (ἰσχυρὰ ἡ συνήθεια τοῦ νόμου) и ја нарушува способноста на човекот да ги почитува (ἀμελῆσαι). Исказот е организиран со извесна намерна градација во каузалниот распоред на оваа појава, и тоа во насока од последица кон причина што е ретроградно причинско структурирање на природниот логички редослед од причина кон последица. Таквиот распоред има реторичка задача да го истакне драматичниот исход, драстичната последица од стравот предизвикан од виденото што дури и усвоените нормативни навики може да бидат доведени во прашање и заборавени. Моќта на видот и виденото обединети во ὄψις е засилена и подвлечена со нејзина дејствителна персонификација, таа е претставена како дејствувачка сила што има способност да дојде и да направи промена во однесувањето (ἐλθοῦσα ἐποίησεν ἀμελῆσαι). Промената што ја предизвикува виденото се однесува на суспензија на нормативното и на рационалното расудување, што е дискурзивно објавено во една структура со нагласена морфосинтаксичка симетрија (τοῦ καλοῦ τοῦ διὰ τὸν νόμον κρινομένου ... τοῦ ἀγαθοῦ τοῦ διὰ τὴν νίκην γινομένου) придружена со семантичка бинарност (καλοῦ – ἀγαθοῦ, νόμον – νίκην).

59. ἤδη δέ τινες ἰδόντες φοβερὰ καὶ τοῦ παρόντος ἐν τῶι παρόντι χρόνωι φρονήματος ἐξέστησαν· οὕτως ἀπέσβεσε καὶ ἐξήλασεν ὁ φόβος τὸ νόημα.

И натаму во истото семантичко поле на визуелното, аргументацијата сега се пренасочува во менталната сфера на влијанија од застрашувачки перцептивни искуства врз когнитивните способности. Синтаксичкиот простор на периодата е поделен на две реченици организирани околу лексемите φρόνημα и νόημα, со кои се исцртува нијансирана семантичка разлика меѓу способноста за расудување и мислата како нејзин конкретен производ. Речениците се поврзани со експликативно-консекутивна релација преку преформулација. Имено, губењето на разумот (φρόνημα) како последица од гледањето застрашувачки нешта од првата реченица се редефинира како активно дејствување на стравот врз самата мисла (νόημα) во втората реченица. Така се развива причинско-последичната низа: визуелна перцепција – страв – когнитивно нарушување. Поврзаноста на двете реченици дополнително се засилува со лексичко-етимолошката и фонетската кореспонденција φοβερά ... φόβος: она што најнапред е означено како застрашувачко својство на виденото потоа се појавува како страв, односно како негов интернализиран психички ефект.

60. πολλοὶ δὲ ματαίοις πόνοις καὶ δειναῖς νόσοις καὶ δυσιάτοις μανίαις περιέπεσον· οὕτως εἰκόνας τῶν ὁρωμένων πραγμάτων ἡ ὄψις ἐνέγραψεν ἐν τῶι φρονήματι.

Со една инверзија на природниот причинско-последичен редослед во изложувањето, Горгија најнапред наведува, во форма на триколон, низа од непријатни состојби во кои запаѓаат многумина, а потоа, во следната реченица, воведена со прилогот οὕτως, го соопштува перцептивниот механизам што ги предизвикува таквите состојби. Тие се последица од дејствителноста на видот (ὄψις), кој во умот втиснува претстави од видените нешта. Триколонот, составен од бинарни именско-придавски структури, има препознатлива градација во презентацијата на ефектите од визуелните искуства: од залудни маки (ματαίοις πόνοις), преку тешки болести (δειναῖς νόσοις), до неизлечливи лудила (δυσιάτοις μανίαις). На тој начин последиците што ги соопштува тријадата ја претставуваат завршната етапа од еден перцептивно-психички механизам што може да се претстави со низата: виден предмет – визуелна претстава – впишување во умот – афективна последица.

61. καὶ τὰ μὲν δειματοῦντα πολλὰ μὲν παραλείπεται, ὅμοια δ' ἐστὶ τὰ παραλειπόμενα οἷάπερ <τὰ> λεγόμενα.

И покрај тоа што авторот не е експлицитно граматички присутен во прво лице, реченицата има јасна метадискурзивна функција, таа упаѓа во текот на изложувањето внатре во беседата и го соопштува ставот на авторот во однос на нејзините содржини. На ова место се прекинува низата од примери на застрашувачки визуелни искуства и покрај тоа што такви има уште многу (τὰ μὲν δειματοῦντα πολλὰ) со објаснување дека оние што се изоставаат (τὰ παραλειπόμενα) се историски со веќе наведените (τὰ λεγόμενα). Во овој дел од реченицата има интересна семантичка ситуација при што една јасна семантичка антитеза (παραλειπόμενα – λεγόμενα) се неутрализира со воспоставување функционална еквивалентност преку квалификацијата дека и едните и другите се од ист вид, тие се слични (ὅμοια). Исказот има и аргументативна релевантност бидејќи промовира докажување преку репрезентативен примерок. Имено, посочените примери ја претставуваат целата класа, па нивното натамошно набројување станува аргументативно непотребно.

62. ἀλλὰ μὴν οἱ γραφεῖς ὅταν ἐκ πολλῶν χρωμάτων καὶ σωμάτων ἓν σῶμα καὶ σχῆμα τελείως ἀπεργάσωνται, τέρπουσι τὴν ὄψιν· ἡ δὲ τῶν ἀνδριάντων ποίησις καὶ ἡ τῶν ἀγαλμάτων ἐργασία θέαν ἡδεῖαν παρέσχετο τοῖς ὄμμασιν.

Во овој параграф аргументацијата останува во истото семантичко поле на визуелното, со тоа што тука се менува фокусот на психагогиската функција на перцепцијата, но сега кон нејзиното позитивно, естетски пријатно дејство. Од примерите на застрашувачки визуелни претстави со погубни последици вниманието се насочува кон поинакви извори на визуелно искуство втемелено во полето на уметноста.

Периодата е составена од две реченици чија синтаксичка структура се организира околу клучните поими на визуелното: ὄψις (гледање, вид) и ὄμματα (очи), кои функционираат како лексички маркери на заедничкото семантичко поле на визуелната перцепција. Сепак, нивната синтаксичка функција е различна. Во првата реченица гледањето (τὴν ὄψιν) е објект на радувањето (τέρπουσι) предизвикано од уметничките дела на сликарите. Во втората реченица на очите им приредуваат пријатна глетка (θέαν ἡδεῖαν) создавањето и изработувањето уметнички предмети. Двете целини се организирани околу ист семантички модел: создавање уметнички предмети – визуелен предмет – перцепција – сетилно задоволство. Притоа ὄψις и ὄμματα функционираат како два кореспондентни маркери на визуелната перцепција: првиот го означува самиот процес, односно способноста за гледање, а вториот, преку органот на видот, метонимиски ја конкретизира истата перцептивна сфера. Така Горгија го пренасочува аргументот од деструктивното кон хедонистичкото дејство на видливото и покажува дека визуелната перцепција не само што може да ја вознемири душата туку може и да произведе естетско задоволство.

63. οὕτω τὰ μὲν λυπεῖν τὰ δὲ ποθεῖν πέφυκε τὴν ὄψιν.

Реченицата прави сумирање и генерализација на сите претходно изложени примери на психагогиската моќ на перцептивното искуство со констатацијата дека различните визуелни надразби произведуваат различни афективни реакции, едни причинуваат непријатност и болка, други, пак, предизвикуваат копнеж. Така, широкиот спектар на визуелното дејствување се систематизира во две семантички и афективно спротивставени насоки: одбивање и привлекување. Оваа спротивставеност е изразена со бинарен синтаксички паралелизам преку антитетички структури (τὰ μὲν λυπεῖν – τὰ δὲ ποθεῖν) зависни од заедничкиот предикат πέφυκε. Семантичката вредност на πέφυκε му придава на исказот епистемолошки статус на нешто што се подразбира и го подига на ниво на општ принцип.

64. πολλὰ δὲ πολλοῖς πολλῶν ἔρωτα καὶ πόθον ἐνεργάζεται πραγμάτων καὶ σωμάτων.

Реченицата има строго организирана структура со изразен синтаксичко-морфолошки паралелизам и семантичка симетрија. Започнува со впечатлива тријада од полиптотон (πολλὰ δὲ πολλοῖς πολλῶν) засилен со алитерациско повторување на фонетското јадро πολλ-, при што звучната репетиција дискурзивно ја иконизира семантиката на множеството. Тријадата ги здружува елементите што потоа дисперзивно организираат развиена синтаксичка мрежа. πολλὰ е субјект на реченицата и се поврзува со предикатот ἐνεργάζεται. πολλοῖς е индиректен предмет на глаголската форма и во корелација со директните објекти ἔρωτα καὶ πόθον. πολλῶν ги модифицира именките πραγμάτων καὶ σωμάτων што функционираат како објекти на ἔρωτα καὶ πόθον.

На тој начин трите форми од πολύς не се само формално повторување, туку ја распоредуваат множественоста по три различни семантички позиции. πολλὰ: множественост на причинителите, πολλοῖς: множественост на засегнатите субјекти, πολλῶν πραγμάτων καὶ σωμάτων: множественост на предметите на желбата. Оттука полиптотонот има структурно-аргументативна функција со тоа што граматичката варијација ја претставува самата распространетост на афективното дејство. Двете бинарни структури ἔρωτα καὶ πόθον и πραγμάτων καὶ σωμάτων дополнително ја симетризираат реченицата. Првата го удвојува и семантички го нијансира афектот: ἔρως како љубовна привлечност, πόθος како копнеж и стремеж кон посакуваното, а втората го проширува полето на можни објекти на љубовта и на копнежот од дела кон тела.

65. εἰ οὖν τῶι τοῦ Ἀλεξάνδρου σώματι τὸ τῆς Ἑλένης ὄμμα ἡσθὲν προθυμίαν καὶ ἄμιλλαν ἔρωτος τῆι ψυχῆι παρέδωκε, τί θαυμαστόν;

Оваа реченица има гранична функција и претставува мост меѓу претходната теорија за перцептивните искуства и побивањето на причините за заминувањето на Елена. Во завршната реченица од претходниот параграф екскурсот за психагогиската моќ на гледањето со дискурзивна метонимија ја воведува љубовта и копнежот како посебна сфера на таквото влијание. Таа генерализација во овој параграф добива еден конкретен пример со што изложувањето повторно се враќа на главната аргументативна струја на беседата. Така реченицата истовремено ја затвора локалната секвенца за моќта на гледањето и ја вградува во централната апологетска теза на целата беседа, според која постапката на Елена може да се објасни како последица на сила што го ограничува нејзиниот автономен избор и со тоа ја подготвува аргументацијата за намалување или укинување на нејзината одговорност. Конкретизацијата се реализира со една радикална постапка на ставање на Елена во јукстапозиција со Александар, и тоа во една деликатна релација на љубовен порив и стремеж (προθυμίαν καὶ ἄμιλλαν ἔρωτος). Сепак, долго подготвуваната аргументациска поддршка за природноста и предвидливоста на ситуации кога гледањето во нешто убаво очекувано ја радува душата и предизвикува копнеж, сега го добива позитивниот исход во укинувањето на одговорноста на Елена за стореното дело. Овој став се соопштува со реторичко прашање вградено како аподоза на една условна реченица, која и самата според својот формат ја релативизира можноста за тоа ваков настан реално да се случил. Отсуството на директност во релацијата на Елена со Александар на дискурзивно рамниште е воспоставена со функционална персонификација на окото што посредува во ова емоционално поврзување. Оттука реченицата има и силно иконичка структура. Синтаксичкиот тек го моделира психолошкиот процес: телото на Александар – окото на Елена – перцептивното задоволство – љубовно чувство развиено во стремеж и порив – душа. По вака прецизно изградената протаза врз

основа на причинско-последично поврзување на елементите, аподозата во форма на реторичко прашање (τί θαυμαστόν;) го претставува заклучокот како очекуван и очигледен. Тоа значи дека, ако визуелната перцепција природно може да произведе ваков афект, тогаш во реакцијата на Елена нема ништо необично.

66. ὃς εἰ μὲν θεὸς <ὢν ἔχει> θεῶν θείαν δύναμιν, πῶς ἂν ὁ ἥσσων εἴη τοῦτον ἀπώσασθαι καὶ ἀμύνασθαι δυνατός;

Горгија ја персонифицира љубовта без да го именува божеството и со тоа нејзиниот статус и дејствителна моќ ја апсолутизира. На таквата божествена сила не би било во состојба да ѝ се спротивстави или да ја одбие (ἀπώσασθαι καὶ ἀμύνασθαι) нешто послабо од неа. Овој одговор го сугерира реторичкото прашање што се поставува во аподозата на реченицата со што неможноста за отпор се претставува како очигледен и сам по себе разбирлив заклучок. Тоа значи дека, ако Елена била совладана од Ерос, нејзиното постапување не може да се разбере како целосно слободен избор. Аргументот ја повторува структурната логика на надмоќ и принуда што Горгија претходно ја употребува во аргументот за физичката сила втемелен врз асиметријата посилен – послаб. Тука таа асиметрија дополнително се засилува преку етимолошката низа θεός – θεῶν – θείαν, во која θεός – θεῶν образуваат полиптотон, додека θείαν ја проширува семантичката кореспонденција со сродна лексема. На тој начин божествениот статус станува аргумент за неодоливата надмоќ на Ерос, додека супстантивизираниот компаратив ὁ ἥσσων ја означува човечката страна како структурно послаба и затоа неспособна за успешен отпор.

67. εἰ δ' ἐστὶν ἀνθρώπινον νόσημα καὶ ψυχῆς ἀγνόημα, οὐχ ὡς ἁμάρτημα μεμπτέον ἀλλ' ὡς ἀτύχημα νομιστέον· ἦλθε γάρ, ὡς ἦλθε, τύχης ἀγρεύμασιν, οὐ γνώμης βουλεύμασιν, καὶ ἔρωτος ἀνάγκαις, οὐ τέχνης παρασκευαῖς.

Со оваа реченица не се затвора само побивањето на обвинението во однос на Ерос како причина за дејствување под присила и без свесна одговорност за сторено-то, туку се завршува и средишниот и најважен дел од беседата, а тоа е докажувањето. Периодата се одликува со извонредно богата содржина организирана со сложена мрежа на синтаксичко-морфолошки паралелизми, фонетски корелации и семантички кореспонденции претставени со разновидни бинарни структури. Првиот дел од периодата е условна реченица очекувано составена од два дела, а секој е синтаксички дефиниран со некаква бинарна структура. Во протазата најнапред се предлага хипотетичка двојна квалификација на љубовта: ако е таа болест и заблуда (νόσημα καὶ ἀγνόημα). Во аподозата, врз основа на оваа претпоставена ситуација, веќе се промовира одбрана со бинарна конструкција на коративна антитеза οὐχ ... ἀλλά: ὡς ἁμάρτημα μεμπτέον – ὡς ἀτύχημα νομιστέον. Формите ἁμάρτημα ... ἀτύχημα (грешка ... несреќа) се морфолошки и фонетски корелирани,

а во контекстот аргументативно спротивставени; првата го категоризира настанот како грешка што подлежи на прекор, втората како несреќа што не произлегува од свесен избор. Формите μεμπτέον ... νομιστέον (не треба да се прекорува ... треба да се смета) развиваат паралелизам и хомојотелеутон, засилени со истата морфолошка градба и со истата синтаксичка функција. Така дискурсот ја претставува самата операција на аргументот при што истиот настан се префрла од категоријата грешка во категоријата несреќа. Вториот дел од периодата започнува со една дискурзивна реминисценција на почетокот од аргументативниот блок на беседата. Имено, формулата ἦλθε ὡς ἦλθε е структурно и аргументативно аналогна на формулата ἔπραξεν ἃ ἔπραξεν што се сретнува во параграфот 6. Во двата случаи исказот го потврдува фактот дека Елена неспорно го направила тоа што го направила (параграф 6) и дека дошла како што дошла (параграф 19). Она што е проблематично и што овие формули го воведуваат во аргументативната процедура е каузалната интерпретација на овие чинови. Па така ἔπραξεν ἃ ἔπραξεν го именува фактот од перспектива на дејството и го отвора испитувањето на неговите четири можни причини (надмоќното дејствување на боговите, физичката сила, говорот или љубовта), а ἦλθε ὡς ἦλθε го потврдува истиот неспорен исход од перспектива на начинот на кој до него дошло и веднаш го определува како резултат на τύχη и ἔρως, а не на γνώμη и τέχνη. Таквиот став е соопштен во еден фигуративно слоевит дискурс, кој се темели на бинарни антитетички структури линеарно организирани по принципот афирмативно – негирано: τύχης ἀγρεύμασιν – οὐ γνώμης βουλεύμασιν, ἔρωτος ἀνάγκαις – οὐ τέχνης παρασκευαῖς и дополнително удвоени со синтаксички паралелизам. Исказите се одликуваат со семантичка аргументација што се развива преку спротивставување на надворешната и афективна принуда како причина за дејствување (ἀγρεύμασιν, ἀνάγκαις) на свесното и планско дејствување (βουλεύμασιν, παρασκευαῖς). Така двете паралелни антитези ја сведуваат аргументацијата на фундаменталната опозиција меѓу хетерономната каузалност – она што го снаоѓа и го принудува субјектот – и автономното, свесно и подготвено дејствување – она што произлегува од неговата γνώμη и τέχνη.

68. πῶς οὖν χρὴ δίκαιον ἡγήσασθαι τὸν τῆς Ἑλένης μῶμον, ἥτις εἴτ' ἐρασθεῖσα εἴτε λόγωι πεισθεῖσα εἴτε βίαι ἁρπασθεῖσα εἴτε ὑπὸ θείας ἀνάγκης ἀναγκασθεῖσα ἔπραξεν ἃ ἔπραξε, πάντως διαφεύγει τὴν αἰτίαν;

Реченицата претставува реторичко и аргументативно затворање на одбраната на Елена. Таа ја рекапитулира доказната постапка преку тетраколон во кој четирите можни причини за нејзиното дејствување, воведени во параграфот 6, се повторуваат во обратен редослед. Тетраколонот е составен од низа на партиципи (ἐρασθεῖσα, πεισθεῖσα, ἁρπασθεῖσα, ἀναγκασθεῖσα) чија морфолошка симетрија реализира хомојоптотон и хомојотелеутон. Семантичкото јадро на овие форми што

се во пасив ја поддржува аргументацијата претставувајќи го субјектот како некој врз кого дејствуваат сили што ја надминуваат самостојната волја. Силите на чија надмоќна дејствителност тука се потсетува се распоредени во низа: љубов, говор, физичка сила, божествена нужност, што е обратнопропорционално на низата во параграфот 6 каде што како прва стои божествената волја, потоа физичката сила, па говорот и љубовта. Со ваквиот распоред реченицата гради кружна композиција во која ги собира веќе докажаните аргументи по редослед од последниот кон првиот, и на тој начин, она што претходно било последователно побивано, сега е истовремено поставено како затворен систем на докази. Тетраколонот синтаксички се потпира на формулата ἔπραξεν ἃ ἔπραξε, која е идентична во двата параграфи, а функционално го образува предикативното јадро на реченицата. Нејзината намерна семантичка неопределеност го остава самото дејство неименувано и неквалификувано: дејството се зема како даден факт, додека аргументацијата го префрла вниманието од прашањето што направила Елена кон прашањето под кои услови го направила тоа. Тетраколонот ги наведува овие услови, поточно состојбите во кои под одредени околности било можно таа да се најде, но од кои таа не би била во состојба да се одбрани. Оттука и заклучокот во форма на реторичко прашање дека, во секоја од посочените можни причини за дејствување (πάντως), основата за обвинение против Елена се покажува како неоправдана.

69. ἀφεῖλον τῶι λόγωι δύσκλειαν γυναικός, ἐνέμεινα τῶι νόμωι ὃν ἐθέμην ἐν ἀρχῆι τοῦ λόγου· ἐπειράθην καταλῦσαι μώμου ἀδικίαν καὶ δόξης ἀμαθίαν, ἐβουλήθην γράψαι τὸν λόγον Ἑλένης μὲν ἐγκώμιον, ἐμὸν δὲ παίγνιον.

Периодата е составена од неколку реченици чии предикати се во прво лице еднина, што ја нагласува нивната метадискурзивна функција, а тоа е сообразно со позицијата што ја има оваа структура на самиот крај од беседата. Во завршницата авторот експлицитно стапува во преден план и со една низа од аористи (ἀφεῖλον ... ἐνέμεινα ... ἐθέμην ... ἐπειράθην ... ἐβουλήθην) ретроспективно ја сумира содржината на целата беседа и ја затвора кружната композиција со потсетување на намерата и програмата формулирана во почетните параграфи (2, 5, 6). Горгија констатира дека ја исполнил поставената реторска задача токму преку беседата да ја ослободи Елена од лошиот глас со тоа што ја отстранил неправдата за неоснованото обвинение и ја разобличил епистемолошката инвалидност на јавното мнение. Во последната реченица преку корелативно-контрастивната структура (μὲν ... δὲ) авторот го објавува двојниот статус на беседата: од една страна, таа е пофалба на Елена, но, од друга страна, таа е истовремено и самосвесна реторичка игра.

Библиографија за натамошно читање

I. Критички и коментирани изданија

I.1. Одделни изданија и коментари на „Пофалба на Елена“

Gorgias, *Encomio di Elena. Testo critico, introduzione, traduzione e note*, edited by Francesco Donadi, Bollettino dell'Istituto di Filologia Greca, Supplemento 7, L'Erma di Bretschneider, Rome, 1982.

Gorgias, *Helenae encomium* / Petrus Bembus, Gorgiae Leontini in Helenam laudatio, edited by Francesco Donadi, Glossariolum Graeco-Latinum adiunxit Antonia Marchiori, Bibliotheca Scriptorum Graecorum et Romanorum Teubneriana, De Gruyter, Berlin–Boston, 2016.

Gorgias, *Gorgiae Helena*, edited by Otto Immisch, Walter de Gruyter, Berlin–Leipzig, 1927.

Gorgias, *Encomium of Helen*, edited and translated by Douglas M. MacDowell, Bristol Classical Press, Bristol, 1982.

Schollmeyer, J. (2021), *Gorgias' ›Lobrede auf Helena‹: Literaturgeschichtliche Untersuchungen und Kommentar*, Untersuchungen zur antiken Literatur und Geschichte 143, De Gruyter, Berlin–Boston.

I.2. Збирни изданија што го содржат текстот на беседата

Antiphon, *Antiphontis orationes et fragmenta. Adiunctis Gorgiae Antisthenis Alcidamantis quae feruntur declamationibus*, edited by Friedrich Blass, 2nd ed., Teubner, Leipzig, 1881.

Die Fragmente der Vorsokratiker, vol. II, 82 Gorgias, B 11, H. Diels and W. Kranz (eds.), 6th ed., Weidmann, Berlin, 1952.

Gorgias von Leontinoi, *Reden, Fragmente und Testimonien. Griechisch–Deutsch*, edited, translated and annotated by Thomas Buchheim, 2nd ed. (1st ed. 1989), Philosophische Bibliothek 404, Felix Meiner, Hamburg, 2012.

Early Greek Philosophy. *Vol. VIII: Sophists, Part 1*, edited and translated by A. Laks and G. W. Most, Loeb Classical Library 531, Harvard University Press, Cambridge, MA–London, 2016.

Sofisti. Testimonianze e frammenti. Vol. II: Gorgia, Licofrone, Prodico, M. Untersteiner (ed.), 2nd ed., La Nuova Italia, Florence, 1961.

II. Релевантни книги и статии за толкување на текстот

II.1. Студии за Горгија и за „Пофалба на Елена“

Bons, J. A. E. (2007), 'Gorgias the Sophist and Early Rhetoric', in: Worthington, I. (ed.), *A Companion to Greek Rhetoric*, Blackwell, Malden, MA–Oxford, 37–46.

Condello, F. (2008), 'Due note all'Encomio di Elena gorgiano', *Eikasmós* 19, 83–93.

Consigny, S. (2001), *Gorgias: Sophist and Artist*, University of South Carolina Press, Columbia.

Consigny, S. (1992), 'The Styles of Gorgias', *Rhetoric Society Quarterly* 22(3), 43–53.

Duncan, T. S. (1938), 'Gorgias' Theories of Art', *The Classical Journal* 33(7), 402–415.

Fountoulakis, G. and Simos, C. (2026), 'Gorgias' Rhetorical Thought: Philosophical, Psychological, and Social Dimensions of Persuasion', *Dia-noesis: A Journal of Philosophy* 19(1), 423–454.

Mazzara, G. (1999), *Gorgia: La retorica del verosimile*, Academia Verlag, Sankt Augustin.

McComiskey, B. (1997), 'Gorgias and the Art of Rhetoric: Toward a Holistic Reading of the Extant Gorgianic Fragments', *Rhetoric Society Quarterly* 27(4), 5–24.

McComiskey, B. (2002), *Gorgias and the New Sophistic Rhetoric*, Southern Illinois University Press, Carbondale–Edwardsville.

Porter, J. I. (1993), 'The Seductions of Gorgias', *Classical Antiquity* 12(2), 267–299.

Poulakos, J. (1983), 'Gorgias' Encomium to Helen and the Defense of Rhetoric', *Rhetorica* 1(2), 1–16.

Reus Engler, M. (2025), 'Helen's Argumentative Coherence and the Didactic Element of Gorgias' Rhetoric', *Estudios de Filosofía* 71, 5–33.

Segal, C. P. (1962), 'Gorgias and the Psychology of the Logos', *Harvard Studies in Classical Philology* 66, 99–155.

Spatharas, D. G. (2001), 'Patterns of Argumentation in Gorgias', *Mnemosyne* 54, 393–408.

Wardy, R. (1996), *The Birth of Rhetoric: Gorgias, Plato and Their Successors*, Routledge, London–New York.

Worman, N. (1997), 'The Body as Argument: Helen in Four Greek Texts', *Classical Antiquity* 16, 151–203.

II.2. Поширок реторички, стилски и филозофски контекст

Cole, T. (1991), *The Origins of Rhetoric in Ancient Greece*, Johns Hopkins University Press, Baltimore–London.

Dover, K. J. (1997), *The Evolution of Greek Prose Style*, Clarendon Press, Oxford.

Guthrie, W. K. C. (1969), *A History of Greek Philosophy. Vol. III: The Fifth-Century Enlightenment*, Cambridge University Press, Cambridge.

Jarratt, S. C. (1991), *Rereading the Sophists: Classical Rhetoric Refigured*, Southern Illinois University Press, Carbondale–Edwardsville.

Kennedy, G. A. (1963), *The Art of Persuasion in Greece*, Princeton University Press, Princeton, NJ.

Kerferd, G. B. (1981), *The Sophistic Movement*, Cambridge University Press, Cambridge.

Томовска, В. (2013), *Античка реторика*, Магор, Скопје.

II.3. Антички дела за реториката, стилот и јазикот

Аристотел, *Реторика*, превод од старогрчки, предговор, белешки и коментари Весна Томовска, Македонска книга, Скопје, 2002.

Деметриј, *За јазичниот израз*, превод од старогрчки јазик, предговор, белешки, коментари и индекс на поими Весна Томовска, Три, Скопје, 2016.

Платон, *Кратил*, превод од старогрчки, коментар и белешки Весна Томовска, Магор, Скопје, 2006.

Псевдо-Лонгин, *За возвишеноста*, превод од старогрчки, белешки и коментари Весна Томовска, Магор, Скопје, 2004.

Commentary on the Text of Gorgias' *Encomium of Helen*: A Stylistic and Rhetorical Analysis

SUMMARY

Vesna Tomovska
Institute of Classical Studies
Faculty of Philosophy
University "Ss. Cyril and Methodius", Skopje
vesnat@fzf.ukim.edu.mk
https://orcid.org/0009-0001-2282-8162

This article comprises a Macedonian translation of Gorgias' *Encomium of Helen* from the Greek, an introduction to the speech, and a commentary on the original text. The translation and commentary are intended to be read together as complementary parts of the same analysis. The commentary, which forms the core of the study, is organized around precisely identified passages of the Greek text and is numerically cross-referenced to the corresponding passages in the translation. It is grounded in close reading and examines the relationship between the linguistic organization, stylistic patterning, and rhetorical function of the speech. Particular attention is paid to the morphological and syntactic features of the Greek text, lexical choice, semantic relations between key terms, figures of sound and construction, parallelisms and symmetries, as well as to their role in shaping the persuasive strategy of the speech. The segmented, vertically arranged layout of the translation is intended to make the internal articulation of individual sentences and the carefully patterned structure of Gorgias' prose more readily visible.

The study also considers self-referential and metatextual passages in which the speaker thematizes his own logos, signals the composition of the speech, or comments on the manner in which he conducts the argumentation. These features are discussed more fully in the introduction.

Keywords: Gorgias, *Encomium of Helen*, translation, commentary, close reading, rhetoric, poetics, stylistics, figurative language, metatextuality